магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 76 страници
Година 3 Број 2
Април 2024 г.
Цена 150 ден.



## АНАЛИЗА

**Гордана СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА:**

## „ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ГИ РАЗБУДАМ МАКЕДОНСКИТЕ ЛАВОВИ

ТЕМА
**Ветувања во партиските програми**

КОМПАРАЦИЈА
**Великден дома и во светот**

ИДНИНА
**Наши алумни: Катерина КАЈСТОРОВСКА, првата жена-пилот**

ISSN 2671-3934

www.magazinturizam.mk




Издавач:
**Универзитет Скопје**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Тираж:
**500 примероци**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАТЕМА: **Гордана СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА, кандидат за претседател** 4



АНАЛИЗА: **Колку пари ќе чинат двојните избори во Македонија?** 14



КОЛУМНА: **Проф. д-р Ана СЕКУЛОВСКА-ЈОВКОВСКА** 20




ТЕМА: **Ветувања во партиските програми** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Општина Виница, Миле ПЕТКОВ** 36



РЕПОРТАЖА: **Убавините на кумановскиот крај** 44



ДУРБИН: **Ќе има ли нови дестинации во летниот ред на летање?** 50



ИДНИНА: **Наши алумни: Катерина КАЈСТОРОВСКА, првата жена-пилот** 52



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со француски амбасадор, Н.Е. Сирил БОМГАРТНЕР** 58



КОМПАРАЦИЈА: **Великден дома и во светот** 66

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ГОЛА БОРБА ЗА ВЛАСТ!

*Каков говор употребуваат политичарите во изборната кампања? Политичкиот јазик е тензичен и манипулативен, со вербален напад кон противникот. Политичките говори го креираат јавното мислење, влијаат на развојните процеси, а најчесто се користат за целите на убедување и уверување на слушателите. Најголема употребна вредност на политичките говори во скоро време се праќање политички пораки кон противникот.*

*Ваквата политичка реторика е индикатор за општеството во кое живееме. Предизборно на граѓаните им се ветува сè и сешто во борба за глас повеќе. Но, поголем дел од гласачите веќе се определени за кого ќе гласаат. Народот сака да види што им се нуди конкретно на кампањите и прави процена дали се проектите реални или станува збор само за изборен популизам.*

*Дали треба воопшто да се промовира зголемување на платите во време кога е инфлацијата енормно висока? Мнозинството граѓани немаат зголемување на стандардот туку континуирано осиромашуваат.*

*Но, кому му е гајле за народот, за оној што врзува крај со крај и чиј глас е важен само пред избори? Очигледно и оваа „битка“ за заштита на стандардот е повторно веќе виден популизам пред избори.*

*Дали ќе гласаат граѓаните „ЗА“ или „ПРОТИВ“? Контурите на расположението кај гласачите ќе се забележат на првиот круг од претседателските избори закажани за 24 април, а конечниот епилог ќе се знае на 8 мај.*

# СИЛНИ ПОРАКИ ШТО ОБЕДИНУВААТ НАРОД

## Гордана Siљановска-Давкова:

# "ЌЕ СЕ ОБИДАМ ДА ГИ РАЗБУДАМ МАКЕДОНСКИТЕ ЛАВОВИ

Гордана Силјановска-Давкова, македонски универзитетски професор, правник, во 2020 година станува пратеник во македонското Собрание. Нејзиното искуство е богато. Покрај со академските, успешно се справува и со политички функции, иако накратко. Во својата кариера, прво била избрана за асистент по предметот Политички систем на Правниот факултет во Скопје, потоа за доцент по Уставно право и политички систем, а во 2004 година станува редовен професор. Била член на Уставната комисија на Собранието на Република Македонија и министер во Владата од 1992 до 1994. Станува и експерт за избори на ООН и потпретседател на групата Независни експерти за локална самоуправа при Советот на Европа. Член е на Венецијанската комисија. Силјановска-Давкова е автор на стотина научни трудови за уставното право и политичкиот систем. Приватно – мајка, сопруга, жена. Борец за права и правдина.

# „Ние сме тие што на дело покажуваат дека сме Европејци”






***„Да живееш значи да се бориш: робот – за слобода, а слободниот – за совршенство“***, вака говорел големиот Јане Сандански. Денес, 109 години по неговата смрт, деформирани се сите вредности. Но, време е да ја направиме Македонија повторно горда!

Со верба и визија дека Македонија може да стане пристојно европско место за живеење, но без наведната глава и без притисоци кон македонскиот идентитет, професорката по уставно право Гордана Силјановска-Давкова, по втор пат одлучи да ја бие битката за шеф на државата. Но, тоа да го стори гордо!

Таа е една од седумтемина кандидати за претседател што ја заокружуваат изборната кампања пред гласањето на 24 април. Како ќе владее ако ја добие довербата и што може да промени како претседател, може да се слушне од нејзините говори пред граѓаните низ цела Македонија.

***„24 април некако доаѓа како предигра, бидејќи тогаш работите ќе се разјаснат. А се разбира, јас мислам дека на 8 мај ќе биде затворена една тешка, грда фаза од владеењето и ќе започне една нова реформска фаза. За тоа навистина се потребни умни, чесни и посветени луѓе! Луѓе што ќе ги стават државните и национални интереси пред кои било други! Луѓе што одважно и достоинствено, ќе бараат од големите и од средните држави, па и од ЕУ и сите држави***



> *24 АПРИЛ НЕКАКО ДОАЃА КАКО ПРЕДИГРА, НА **8 МАЈ** ЌЕ БИДЕ **ЗАТВОРЕНА** ЕДНА ТЕШКА, **ГРДА ФАЗА** ОД ВЛАДЕЕЊЕТО И ЌЕ **ЗАПОЧНЕ** ЕДНА **НОВА РЕФОРМСКА ФАЗА.***

*во неа, заслужена почит! Луѓе што ќе бараат и ние да итаме во исполнувањето на Копенхагенските критериуми. Да не се занимаваме и да не го губиме времето на докажување дека сме тие што сме! Да барате од некого да докаже дека е човек, дека е жена, дека е Македонец, тоа е непристојно!“*, посочи таа.

*„Кога одите во втор мандат, ако сте успешни, треба да кажете дека сè што сте ветиле, сте оствариле. Ама, ако немате отчет, а немаат ниту една страница да пополнат со отчетот, мислам дека е јасно дека не работеле за потребите на граѓаните! Затоа се делегитимирани“*, порача Силјановска-Давкова.

За да тргне државата во добар правец, најважно е власта да ги спречи и криминалот и корупцијата. Таа рече дека ќе прави нешта што не ги правел актуелниот претседател, еден од нејзините противкандидати во трката за претседател. Ќе се доближи до граѓаните преку народните канцеларии, ќе се обраќа пред пратениците, ќе става вето на закони за кои ќе смета дека не се добри, а ако е потребно, и ќе излезе на протести со граѓаните.

*„На почетокот од 2000 година, Роберт Хајслоп ќе рече: ‚Сите држави имаат мафија, ама на Балканот има опасност мафиите да имаат свои држави‘. Сега кога ги гледам состојбите со корупцијата*




> „**ЛИКОВИ** ШТО ПРИЛЕГААТ НА ОНИЕ ОД **МАФИЈАТА** СЕ **ВГНЕЗДЕНИ** НА НАЈВИСОКИТЕ **ПОЗИЦИИ!**

*и со криминалот, барам некаков излез, читам дека во Италија на времето донеле еден закон против мафијата и сега го препорачуваат. И да, она што всушност е дел од Програмата на ВМРО-ДПМНЕ е дека битката со мафијата мора да биде бескомпромисна, дека битка со мафијата е многу тешка, но мора да почне оти криминалот и корупцијата се системски. А, ликови што прилегаат на оние од мафијата се вгнездени на највисоките позиции, и тие или со чинење или со нечинење, со гледање и со помагање, се исто така соучесници. Значи, не чека тешка битка!*“, рече кандидатката за претседателка на државата Силјановска-

Давкова.

Според Силјановска-Давкова сликата за Македонија во светот ја даваат државните претставници и затоа сме држава што не ужива углед во светот.

*„Се плашам кога сегашните државни претставници се среќаваат со странци и се прашувам што ли ќе кажат, дали ќе стојат на ставот. Одат со еден став, се враќаат со друг став, а потоа воопшто немаат никаков став, и затоа не заслужуваат почит“*, вели кандидатката за претседател на државата Силјановска-Давкова.

*„Шокантно е да чуете од врвни дипломати, инаку заборавени и неконсултирани, дека во моментов имаме 17 непополнети амбасади! Дека дури деветмина заминале за амбасадори без да го поминат законскиот тест пред Комисијата за надворешна политика. Знаете ли зошто не се пополнети амбасадите? Поради партиските несогласувања! Значи, имате амбасадори од кариера што може да ги пратите каде што сакате. Ама, имате обврска да ги пратите оние со кои претседателот на минатите претседателски избори, а веројатно и на овие, се договарал дека ќе дојдат на позиции. Позиции што, иако не се заслужени, во договорите треба да ги добијат коалиционите партнери. Затоа, ако е дипломатијата наше огледало, оние однадвор не гледаат убава слика! Нашата слика, е, за жал, нивната слика! Сетете се кој нè претставува. Нам ни треба владеење на правото и правна држава! Нам ни требаат слободи и права! Нам ни треба независно судство! Нам ни треба добро образование, а не само многу образовни институции што произведуваат дипломи, но не и знаење! Нам ни треба социјална држава! Нам ни треба пристојно европско место за живеење! Бидете убедени дека ние сме тие што на дело покажуваат дека сме Европејци! Тие мислат дека ЕУ е реторика. Но, не е!“*, изјави Силјановска-Давкова.

Таа ветува дека почитта кон народот ќе биде иста како кон студентите. Промените ќе се случуваат етапно.

*„Ви ветувам дека како што сум се однесувала достојно во образованието, како што сум ги почитувала студентите, сум им се посветувала, сум сочувствувала, сум ги учела и сум учела од нив, така ќе се однесувам и со политичката функција“, порача Силјановска. Според неа, Европа не се брани со рецитирање, туку се брани со промени. Промените значат правна, мирна, средена држава. Да имате држава со добра бирократија, државна и јавна администрација, одлично образование зашто тоа е најдобрата инвестиција“*, оцени Силјановска-Давкова.

*„Гледам повеќе жени овде. И уште еднаш, сите вас да ве запрашам, и мажите – колку е логично 30 години да не сме имале жена-претседателка, да не сме имале жена-премиерка, да не сме имале жена-претседателка на Собранието? Запомнете, ние не сме суетни суштества, ние само сакаме да ѝ помогнеме на Македонија повторно да биде горда, со своето знаење, со својот ум, со својата креација, со*



> **ЗАДОЦНЕТАТА ПРАВДА** *Е* **НЕПРАВДА**, *А МНОЗИНА СЕ ВО* **ЗАТВОРИТЕ** *НЕ ЗАТОА ШТО СТОРИЛЕ* **НЕПРАВО,** *НЕ ЗАТОА ШТО СТОРИЛЕ* **КРИВИЧНИ ДЕЛА,** *ТУКУ ЗАТОА ШТО ТИЕ НА* **ВЛАСТ** *МИСЛЕЛЕ ДЕКА НА ТОЈ НАЧИН ЌЕ СЕ* **СПРАВАТ** *СО* **НИВ.**



***својата посветеност. Не откажувајте се од половина од популацијата"***, смета Силјановска-Давкова.

Но, неправдата според Силјановска-Давкова е најголема во судството. Таа неодамна поднесе приговор до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) за кршење на изборните правила, за тековното полагање на 299 луѓе на Академијата за судии и за јавни обвинители, со образложение дека, според закон, статусот слушател на Академијата значи заснован работен однос со Академијата за периодот од почетната обука до изборот за судија или за јавен обвинител. И покрај жалбите на Академијата до Вишиот суд, на крајот приговорот ѝ беше уважен. Ова не е прв случај каде што професорката Силјановска-Давкова зборува за судството. Таа смета дека ако не седат во него најпосветените на правото и на правдата, нема да има правда.

***„Задоцнетата правда е неправда, а мнозина се во затворите не затоа што сториле неправо, не затоа што сториле кривични дела, туку затоа што тие на власт мислеле дека на тој начин ќе се справат со нив. Тоа***




## „НЕМОЈТЕ ДА СЕ ЗАЧУДИТЕ АКО МЕ ВИДИТЕ И НА **ПРОТЕСТИ** СО **ГРАЃАНИТЕ**.

***не смее да се случи. Тоа мора да се спречи. Кога ќе седат најдобрите во судот, а не оние што се таму заради блискоста до неколкуте фамилии што ја управуваат Македонија наместо преку Академијата за судии и за јавни обвинители да влезат и да напредуваат поради стручноста и компетентноста, право и правда од тоа нема. Ви ветувам дека моите членови во Судскиот совет ќе бидат најпознатите и најпочитуваните правници. Моите предлози за Уставниот суд ќе бидат најголемите бранители на слободите и правата и на Уставот и законот“***, смета кандидатката за претседателка на државата Силјановска-Давкова.

Што може да стори претседателот за судот? ***„Многу“***, ќе рече кандидатката за претседателка на државата Силјановска-Давкова пред граѓаните.

***„Навистина, кога ‚Македонија е твоја‘ и ‚Македонија е горда‘ ќе се пресретнат и ќе тргнат напред, сигурна сум дека Македонија како твоја и како горда ќе победи!“***, Им порача кандидатката за претседателка на државата Силјановска-Давкова на граѓаните.

Таа прашува: ***„Што прави оваа власт? Таа власт применува една трета политика, што и не е политика, туку се вика обид за гаснење пожари, ама тие не се пожарникарите, не се, туку тие се***




> ***ЈАС НЕ СУМ НАД УСТАВОТ И ЗАКОНОТ ТУКУ ПОД УСТАВОТ, И ЗАТОА ЌЕ ГО ШТИТАМ НЕГО.***

***токму оние потпалувачите на пожарите, затоа треба да си заминат***", додава Силјановска-Давкова.

Професорката по уставно право ветува дека нема да затвора очи пред проблемите, нема да работи спротивно од потребите на граѓаните, а за законите што ќе бидат предложени, ако се спротивни на визијата за подобра иднина на земјата, власта и пратениците ќе бидат предупредени.

***„Ќе се обраќам до пратениците не само кога знам дека е законот неуставен, туку и за да ги посочам и да ги адресирам проблемите на најранливите категории. Ако и тоа не помогне, немојте да се зачудите и ако ме видите на протести со граѓаните. Мислам дека тоа ќе биде добар знак. Ако сметам дека е неуставен законот што имаат намера да го донесат пратениците, ќе ставам вето. Зошто? За да покажам дека јас не сум над Уставот и законот, туку под Уставот и дека ќе го штитам него***", вели кандидатката за претседателка на државата Силјановска-Давкова.

***„Слично како и јас, една претседателка на Ирска, Мери Робинсон, рече дека како професорка ќе се обиде да се однесува обединувачки. Таа рече дека ќе ги разбуди келтските тигри, јас велам македонски лавови***", порача кандидатката за претседателка на државата Гордана Силјановска-Давкова.







# ДВОЈНИТЕ ИЗБОРИ ЌЕ ЧИНАТ 17 МИЛИОНИ ЕВРА

Македонските парламентарни избори пролетва ќе бидат единаесетти по ред парламентарни избори во Македонија. Ќе се одржат на 8 мај 2024 година заедно со вториот круг на претседателските избори.

По воведувањето на политичкиот плурализам во тогашната Социјалистичка Република Македонија во 1989, било дозволено да се формираат политички партии, па во 1990 биле одржани првите слободни и повеќепартиски избори. Во Република Македонија се одржуваат избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, за претседател на Републиката и локални избори за советници и градоначалници.

По воведувањето на политичкиот плурализам, во Република Македонија се одржани пет регуларни парламентарни избори и четири предвремени парламентарни избори во 2008, 2011, 2014 и 2016 година. Првите парламентарни избори се одржани кога земјата била во состав на СФР Југославија, а останатите по прогласувањето на независноста во 1991 година.

# АНАЛИЗА



## СПИСОК НА ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

- Македонски парламентарни избори (1990)
- Македонски парламентарни избори (1994)
- Македонски парламентарни избори (1998)
- Македонски парламентарни избори (2002)
- Македонски парламентарни избори (2006)
- Македонски парламентарни избори (2008)
- Македонски парламентарни избори (2011)
- Македонски парламентарни избори (2014)
- Македонски парламентарни избори (2016)
- Македонски парламентарни избори (2020)
- Македонски парламентарни избори (2024)

Пратениците во Собранието се избираат за мандат од 4 години, на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Парламентарните избори се одржуваат секоја четврта година, во последните 90 дена од мандатот на стариот пратенички состав, а ги распишува Претседателот на Собранието. Парламентарни избори се одржуваат и во случај на самораспуштање на Собранието (предвремени избори), ако се изјаснат за тоа мнозинството од вкупниот број пратеници. Во тој случај, изборите се одржуваат во рок од 60 дена од денот на распуштањето на Собранието.

Изборот на претседател на Републиката се врши во последните 60 дена од мандатот на претходниот претседател. Во случај на престанок на мандатот на претседателот на Републиката, од кои и да е причини, изборот за нов претседател се врши во рок од 40 дена од денот на престанокот на мандатот. Право да поднесат листа на кандидат за претседател на Републиката имаат најмалку 10.000 избирачи или 30 пратеници.

## СПИСОК НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ

- Македонски претседателски избори (1994)
- Македонски претседателски избори (1999)
- Македонски претседателски избори (2004)
- Македонски претседателски избори (2009)
- Македонски претседателски избори (2014)
- Македонски претседателски избори (2019)
- Македонски претседателски избори (2024)

Претседателските избори може да се одржат во два круга. Кандидатот е избран за претседател во првиот круг ако добие мнозинство гласови од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список. Ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател на Републиката не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати што добиле најмногу гласови во првиот круг. За претседател се избира кандидатот што добил мнозинство гласови ако гласале повеќе од 40% од избирачите. Претседател бил избран во првиот круг единствено на изборите во 1994, а сите преостанати избори се одржале во два круга.

## КОЛКУ ПАРИ ЌЕ ЧИНАТ ИЗБОРИТЕ?

Изборите со нетрпение не ги чекаат само партиите што имаат желба да дојдат или да се задржат на власт. Партиите добро ќе го наплатат секој добиен глас на изборите, но од изборите добро ќе се офајдат и медиумите преку платеното политичко рекламирање.

Парламентарните и претседателските избори ќе ги чинат граѓаните 17 милиони евра. Вакви проценки доаѓаат од Државната изборна комисија како тело надлежно за спроведување на изборите. Ова не е ниту скапо ниту евтино ако се знае дека одеднаш се одржуваат двојни избори, па затоа сумата горе-долу се движи во очекуваните граници.

**Претседателот на Државната изборна комисија (ДИК), Александар Даштевски, посочи дека претстојните избори ќе чинат 17 милиони евра. Тој додаде дека побарале повеќе средства, но смета оти и оваа сума ќе е доволна за успешно да се спроведат изборите.**

**Тој потенцираше дека дел од парите ќе бидат наменети за медиумите, поточно партиите ќе ги наменат за изборно рекламирање. Како што рече, 40 отсто од парите одат кај најголемата опозициска партија, а 45 отсто кај најголемата партија што е на власт.**

***„Во согласност со законот, 40 отсто од парите одат кај најголемата опозициска партија, 45 отсто кај најголемата партија што е на власт, 7 отсто кај партиите што имаат свои претставници во Парламентот и 3 проценти за партиите што немаат претставници во Собранието. Тие потоа се договараат, мора да имаат договори во однос на тоа кај кои медиуми колку време ќе се рекламираат“***, појаснува Даштевски.

Околу шест милиони евра ќе се потрошат за обезбедување доверлив материјал, како и друга документација, потоа за превоз, како и за надомест за избирачките одбори и членовите на општинските изборни комисии. Останатата сума од над десет милиони евра ќе се потроши за платено политичко рекламирање.

Во првиот круг, на кандидатите за претседател



Александар Даштевски, претседател на ДИК.

им следуваат по две евра за запишан граѓанин впишан во Избирачкиот список. За двајцата кандидати кои ќе влезат по вториот круг, им следува по едно евро од запишан избирач.

На учесниците во парламентарните избори, им следуваат по две евра од запишан избирач.

Од парите наменети за медиумско рекламирање, 40 отсто ќе одат кај најголемата опозициска партија, 45 кај партијата на власт, седум отсто кај партиите што имаат претставник во Собранието, а три за тие што немаат претставник во законодавниот дом. За споредба, парламентарните избори во 2016 година чинеа 7,5 милиони евра, а врзаните претседателски и парламентарни избори во 2014 година чинеа осум милиони евра. На претседателските избори во 2019 година, кога за првпат државата плаќаше за партиските реклами, се потрошија 3,6 милиони евра.

За изборите во 2020 година, крајната сума што ја платила државата за партиски реклами е 3,1 милион евра, додека на изборите една година порано, за истата намена се потрошени 400 илјади евра повеќе.

## ГЛАСАЊЕ ВО ДИЈАСПОРАТА САМО ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ

На овие избори, гласање во дијаспората ќе има само за претседателските избори на 24 април и на 8 мај. Гласањето за шеф на државата е според мнозинскиот систем, па без разлика колку прифатени пријави има, гласање ќе се организира. Гласовите од иселениците ќе влезат во вкупниот број гласови со тие од Македонија.

Нешто покомплицирано е гласањето за пратеници. Со измените што се направија, за да се организира гласање за парламентарните избори, потребно е да се пријават најмалку 5.355 гласачи во сите 52 конзуларни претставништва или дипломатски канцеларии во странство. Но, се пријавија само 2954 и гласање нема да има.

Бројката од 5.355 гласачи што требаше да се пријават не е случајна. Тоа е најмалата бројка на гласачи со која на минатите избори е избран пратеник на гласањето во земјава, во случајот од шестата изборна единица.

Правото на глас за македонските иселеници во ДКП во државите во кои престојуваат, датира од предвремените парламентарни избори во 2011 година, а важи и за претседателските избори. Во претходните два состави на законодавниот дом имаше по тројца пратеници од дијаспората, сите од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.




Државна изборна комисија.

## ДИК: КОЛКУ ЌЕ ЧИНАТ ИЗБОРИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА ЌЕ СЕ ЗНАЕ ПО НИВНОТО ЗАВРШУВАЊЕ

*„Во однос на прашањата за тоа дали ќе бидат доволни предвидените пари за спроведување на изборите и колку ќе чинат изборите во дијаспората за претседателските избори, ве информираме дека Државната изборна комисија ќе може да даде точна информација по завршување на изборите“*, велат од ДИК.

## КАКО Е ВО РЕГИОНОТ?

Последните парламентарни избори во Србија чинеа 25 милиони евра. Оваа сума споредена со таа во Македонија е горе-долу иста ако се знае дека во Србија има тројно повеќе запишани гласачи.

Кога се работи за трошењето на избори, поштедлива е Хрватска. Па, така за парламентарните избори потроши само 4,7 милиони евра, а во 2020 година – 5,8 милиони евра.

Последните парламентарни избори во Црна Гора чинеа 5 милиони евра.

## БИЗНИСОТ СЕКОГАШ ПРОТИВ ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ

Иако годинава изборите се во редовен рок, кога сме кај трошењето пари за избори во Македонија, бизнис-заедницата низ годините наназад постојано негодуваше за одржување предвремени парламентари избори со образложение дека државата непотребно троши огромни суми пари. Тие постојано обвинуваа дека честите предвремени избори значат удар за стопанството затоа што се пролонгираат планираните инвестициски проекти на домашните и на странските компании, а сето тоа се одразува на економскиот раст.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОЛУМНА

Пишува: Проф. д-р Ана Секуловска Јовковска,
професор на Универзитетот Скопје



# ВЛИЈАНИЕТО НА ТРЕТИОТ БРАН ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВРЗ ОПШТЕСТВОТО И ВРЗ ЕКОНОМИЈАТА

## „ПРИФАТЕТЕ ЈА ДИГИТАЛНАТА РЕВОЛУЦИЈА БИДЕЈЌИ ЈА ИМА МОЌТА ДА ГО ТРАНСФОРМИРА НАШИОТ СВЕТ ВО ЦАРСТВО НА БЕЗГРАНИЧНИ ИНОВАЦИИ И ПОВРЗУВАЊЕ“

Во последните децении, дигиталната революција континуирано ги трансформира општествата и економиите низ целиот свет. Со секоја нова фаза, се јавуваат нови иновации и промени што влијаат врз начинот на кој ги прифаќаме искуствата, комуницираме и работиме. Третиот бран на дигитализација има интензивно влијание врз општеството и економијата менувајќи ги основните аспекти на нашето секојдневие. Анализата покажала дека влијанието на третиот бран на дигитализација врз општеството и економијата, пред сè се однесува на промените во начинот на комуникација и информирање, промената во начинот на работа и во бизнис-моделите, растот на дигиталната економија и на предизвиците за нееднаквост.

Третиот бран на дигитализација го модифицира начинот на кој комуницираме и се информираме. Социјалните медиуми, интернет-платформите и другите дигитални канали, овозможуваат брзо и лесно споделување информации, слики, видеа и мислења. Ова креира нова динамика во средината, каде што луѓето можат да се поврзат и да комуницираат со луѓе од целиот свет, да споделуваат идеи и да ги изразуваат своите мислења. Освен тоа, дигиталната комуникација им овозможува на луѓето да ги следат настаните и трендовите низ светот во реално време, што влијае врз нивната



Проф. д-р Ана Секуловска-Јовковска, професор на Универзитетот Скопје.



култура, мислење и начин на живот.

Дигитализацијата има силно влијание врз начинот на комуникација и информирање на повеќе начини. Еве неколку начини на кои дигитализацијата влијае врз овие аспекти:

1. Брзина и достапност: Дигитализацијата ја зголемува брзината на комуникација и на информирање. Социјалните медиуми, е-поштата, веб-страниците и другите дигитални платформи овозможуваат моментално споделување информации. Луѓето можат да комуницираат и да споделуваат информации веднаш кога нешто ќе се случи, без да мораат да чекаат на традиционалните медиуми за објавување.

2. Глобална комуникација: Дигитализацијата ги преминува границите на времето и на просторот овозможувајќи комуникација и информирање во реално време низ целиот свет. Луѓето можат да комуницираат со луѓе од други земји и култури, да споделуваат искуства и да учат од различните перспективи.

3. Интерактивност: Дигиталните медиуми овозможуваат интерактивност во комуникацијата. На пример, на социјалните мрежи, луѓето можат да коментираат, да лајкнуваат и да споделуваат содржини, што ги прави дел од дискусиите и креира виртуелни заедници.

4. Персонализација: Дигиталните технологии овозможуваат персонализација на комуникацијата и на информирањето. На пример, алгоритмите за препорака на социјалните мрежи и веб-страниците ги анализираат интересите на корисниците и им нудат содржини што можат да ги заинтересираат.

5. Мултимедијалност: Дигитализацијата овозможува комуникација и информирање преку различни медиуми и формати, вклучувајќи текст, слика, видео и звук. Ова овозможува поефикасно пренесување на информациите и креирање атрактивни и интерактивни искуства за корисниците.

6. Достапност на информации: Дигитализацијата ја зголемува достапноста на информации за луѓето. Со интернетот, луѓето можат да пристапат до образовни, научни,

новинарски и други видови информации, од каде било и кога било.

Во целост, дигитализацијата го трансформира начинот на комуникација и на информирање, креирајќи нови можности за споделување информации, интеракција и за едукација. Ваквата трансформација има силно влијание врз општеството и врз економијата, пред сè со влијание врз начинот на кој луѓето комуницираат, работат и размислуваат.

Дигитализацијата ги трансформира и традиционалните бизнис-модели и начинот на работа. Воведувањето виртуелни тимови, сервиси во облак, вештачка интелигенција и автоматизација на процесите, сето ова го зголемува нивото на ефикасност и продуктивност во бизнисот. Ова овозможува поголема флексибилност за компаниите и за нивните вработени, што резултира во побрзо иновирање и приспособување на пазарот. Исто така, се појавуваат нови модели на работа, како што се фриленсингот и гиг-економијата (економијата на слободниот пазар), кои им овозможуваат на индивидуалците да работат од каде било и кога што сакаат, давајќи им поголема контрола над својот временски распоред и кариерен пат. Гиг-економијата се однесува на модел на економска активност што се базира на користење на интернетот и на дигиталните технологии за обезбедување услуги и производи преку платформи за споделување. Во гиг-економијата, луѓето обично работат како самостојни професионалци или слободни претприемачи користејќи ја својата експертиза или ресурси за да ги нудат своите услуги или производи на онлајн-платформи.

Оваа форма на економија се развила поради напредокот во технологијата и промените во начинот на работа, што им овозможило на луѓето да работат од дома, да имаат флексибилни работни часови и да ги користат своите вештини и ресурси за да заработуваат пари. Некои од најпопуларните форми на гиг-економија вклучуваат фриленсерство, возачи на платформи за споделување како што се „Uber" и „Lyft", изнајмување на имоти преку „Airbnb", онлајн-учење и др.

Гиг-економијата им овозможува на луѓето да работат по своја желба и да изберат кога и како да работат, но и отвора нови предизвици и прашања за законската и економската регулација, како и за сигурноста и заштитата на работниците.

Дигитализацијата ги трансформира традиционалните бизнис-модели на многу начини. Еве неколку начини на кои дигитализацијата ги менува бизнис-моделите:

1. Приспособување на услуги и на производи за дигиталното пазарување: Компаниите се принудени да ги приспособат своите услуги и производи за дигиталното пазарување. Ова може да вклучува креирање онлајн продавници, развој на мобилни апликации, имплементација на електронски плаќања и дигитални стратегии за маркетинг.

2. Промена во начинот на комуникација со клиентите: Дигитализацијата го менува начинот на комуникација со клиентите. Компаниите се принудени да имаат присуство на социјалните медиуми, да одговараат на прашања и коментари во реално време и да создаваат интерактивни искуства за клиентите.

3. Преод на модели „as-a-Service": Многу компании ги префрлаат своите услуги во модели „as-a-Service" (SaaS), каде што корисниците плаќаат месечна или годишна претплата за користење софтвер или услуги преку интернет. Ова го олеснува процесот на пристап до услугите и ги намалува инвестициите во инфраструктурата за корисниците.

4. Интеграција на вештачка интелигенција и аналитика: Дигитализацијата им овозможува на компаниите да ги користат новите технологии како што се вештачката интелигенција и аналитиката за подобрување на бизнис-процесите. На пример, вештачката интелигенција може да се користи за анализа

на податоци за клиентите и за предвидување на нивните потреби и преференции.

5. Глобална присутност: Дигитализацијата ги овозможува на компаниите да имаат глобална присутност. Со интернетот, компаниите можат да комуницираат и да ги продаваат свои производи и услуги на глобално ниво, што им овозможува поголема експанзија и раст.

6. Проширување на бизнис-моделите со додавање нови услуги и производи: Дигитализацијата ги овозможува на компаниите да ги прошируваат своите бизнис-модели со додавање нови услуги и производи. На пример, технолошките компании можат да ги развиваат своите производи со додавање на дигитални услуги, како што се облакот за заштита на податоци или аналитичките апликации.

Со воведувањето дигитални технологии и стратегии, компаниите се принудени да се приспособат и да ги иновираат своите бизнис-модели за да останат конкурентни во дигиталната ера. Оние компании што ги надминуваат успешно овие предизвици и ги прифаќаат можностите на дигитализацијата, можат да имаат значителна предност на пазарот.

Во Република Македонија, како и во многу други земји, дигитализацијата зазема значајно место во агендата на владините институции. Политиките за дигитализација обично се насочени кон подобрување на информациските технологии, пристапот до интернет и на користењето дигитални услуги. Во Република Македонија, во изминатите години интензивно се работи на подигнување на степенот на дигитализација, а тоа се манифестира со преземање соодветни мерки за нејзино афирмирање.  Во контекст на тоа, Владата на Република Македонија ја има изработено Стратегијата за дигитална трансформација, која ги определува приоритетите и активностите за подобрување на дигиталните услуги и инфраструктура. Еден од клучните приоритети на стратегијата е афирмација и поддршка на Електронски владини услуги. Проширувањето на електронските владини услуги е важен дел од политиките за дигитализација. Владините институции ги развиваат електронските портали и апликации за поднесување барања и документи, како и за пристап до информации и услуги. Исто така, важен сегмент е и интернет-инфраструктура. Инвестирањето во инфраструктура за брз интернет и дигитални комуникациски технологии е важна политика за поддршка на дигитализацијата. Проширувањето на брзиот интернет во руралните и во маргинализираните заедници е особено важно за осигурување на еднаков пристап до интернет за сите граѓани. Со цел надминување на дигиталниот јаз, Владата на РМ мора да поттикнува образование и обука за дигитални вештини, што е клучна политика за подобрување на технолошката писменост на граѓаните. Владините програми и иницијативи обично се насочени кон обука за користење компјутери, интернет и дигитални алатки.

Особено важен аспект е и приватноста и сигурноста на информациите. Заштита на информациите и обезбедување нивна приватност и сигурност е важен дел од политиките за дигитализација. Владата мора да води грижа за законските и регулаторните мерки за заштита на информациите на граѓаните и на бизнисите.

Третиот бран на дигитализација претставува критичен момент во историјата на човечката цивилизација, со длабоки последици врз општеството и врз економијата. Ако се менаџира соодветно, овој процес може да донесе значителни предности и можност за развој, но и предизвици што бараат сериозни одговори и стратегии за регулација и инклузија. Свеста за потребата од социјална одговорност е неопходна за создавање дигитално општество што ќе биде инклузивно, иновативно и одржливо.

# ОЧЕКУВАНО ЖЕСТОКА КАМПАЊА ЗА ДВОЈНИТЕ ИЗБОРИ – СЕ НАЅИРА ЛИ ПРОМЕНА НА ВЛАСТА ПО 7 ГОДИНИ?



Дали ќе гласаат граѓаните „ЗА“ или „ПРОТИВ“? Контурите на расположението кај гласачите ќе се забележат на првиот круг од претседателските избори закажани за 24 април, а конечниот епилог ќе се знае на 8 мај. Седумгодишното владеење на коалицијата на СДСМ и ДУИ може да се сведе на галопирање кон кулминирачка корупција на сите полиња во општеството. Народот добро ги памети аферите со „Бехтел и Енка“, обидот за приватизација на енергетскиот сектор, растечките цени, ниският стандард, лошото справување со пандемијата и енергетската криза, политичкиот ќорсокак до кој доведе промената на името на државата и Договорот со Бугарија со условот за уставни измени за влез во Европската Унија и многу други. Сега сè се сведува на едно – дали ќе ѝ дадат граѓаните црвен картон на власта и дали ќе замине ДУИ конечно во опозиција. Токму албанскиот блок од повеќе опозициски партии што во моментов ѝ дише на ДУИ во врат, се надева дека ќе го прекине дводецениският монопол на ДУИ во власта. Од друга страна, свои математики имаат и Левица и ЗНАМ на Максим Димитриевски, кои се трудат да им ги помешаат сметките на главните претенденти за формирање влада.




**Кандидатите потпишаа кодекс за фер избори.**
*Извор: ДИК*



# ПРОГРАМАТА НА ВМРО-ДПМНЕ И ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА

Под слоганите „Македонија повторно горда" и „Македонија повторно твоја! - промените во твои раце", ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија" ќе ја бараат довербата на гласачите на парламентарните избори и изборите за претседател на државата, за кое место ја номинираа професорката и пратеник Гордана Силјановска-Давкова.

Кампањата за претседателските избори е во полн ек. Иако кандидатите се обврзаа на позитивна кампања, сепак, жестоката политичка битка несомнено предизвика и удари „под појасот". Еден од главните адути на актуелниот претседател Стево Пендаровски е дека Давкова нема никаква програма и план како ќе ја води државата. Сепак, таа образложува дека слоганот не е случајно избран. Додава дека е потребно да се проблематизира односот кон малите држави и дека не случајно, како што вели, големите или оние однадвор понекогаш да се однесуваат кон нас како да не заслужуваме гордост.

***„Зошто? Зашто погрешната слика за нас ја даваат оние што треба да бидат најгорди – претседателот на државата, премиерот, претседателот на Собранието. Нивната слика е сликата за државата. Тие не заслужуваат почит, и се разбира, во односите на сите кон нив,***




Ќе успее ли Силјановска-Давкова да биде првата жена-претседател на Македонија?
*Извор: instagram-gordana_za_pretsedatel*

***ова се повторува. Затоа мислам дека ако не се почитуваме самите, не треба и не можеме да очекуваме почит однадвор, ако немаме самите самодоверба, нема да ни веруваат. Овие луѓе не заслужуваат доверба, знаат дека тоа не го заслужуваат, а немаат ниту самопочит. Затоа, мислам дека е време за длабоки промени и реформи. Време е луѓето да се идентификуваат со оние што треба да ги застапуваат нив и националните и државните интереси, луѓе што имаат самодоверба. Кога сте успешни, вие верувате во себе и ја заслужувате довербата“***, рече таа.

Гордана Силјановска-Давкова порача дека Македонија мора да оди во Европската Унија, меѓутоа, со почитување на меѓународното право, но и на националните и на државни интереси. Најави политичко помирување и консолидација и правда за 27-темина осудени од април. Таа вети дека ако стане претседател на државата, повторно ќе ја отвори Народната канцеларија на претседателот, која беше отворена од поранешниот претседател Ѓорѓе Иванов. Рече дека нема да оди надвор од Македонија и да преговара без да оствари консензус за клучните прашања за државата.

***„Само најуспешните, најстручните и најпочитуваните можат да ни ја вратат гордоста, само така веќе нема да бидеме најнесреќниот народ“***, порача Силјановска-Давкова.

Според неа, истовремено менувајќи ги работите и европеизирајќи се, ние ќе наидеме на подобар однос и подобар одговор. Таа смета дека ситуацијата со уставните измени „апсолутно не држи“, дека ЕУ ќе ни стави вето и, како што кажа, „ќе добиеме не знам колку вета поради непочитување на Копенхашките критериуми“.

***„Во ЕУ треба да сте компатибилни, а не само да ја глорифицирате ЕУ. Не правејќи ја догма, и истовремено, менувајќи ги***

***работите односно европеизирајќи се, ние ќе наидеме на подобар однос и на подобар одговор. Тоа што велат дека ако не го смениме Уставот, ќе бидеме аут е илузионизам. Колку пати ние всушност ги почнавме преговорите – прво ги отпочнавме преговорите во авион, па до почнати преговори во Солун со изјави на некогашниот премиер, па Преспански договор, дали сте за членство во ЕУ и НАТО прифаќајќи го Преспанскиот договор, сето ова е илузионизам“***, оценува Силјановска-Давкова.

Таа смета дека со соседите треба да се разговара со аргументи.

***„Кога велам јас дека треба да се разговара со соседите, со аргументи, еве на што мислам. Соседите треба да ги признаваат европските вредности. Дали не е европска вредност да се почитуваат пресудите од Стразбур? Каква е таа држава чиј судија суди од Стразбур, а не признава пресуди од Стразбур што важат за неа?“***, вели Силјановска-Давкова.

## „ПЛАТФОРМА 1198“ ЗА 1.198 ПРОЕКТИ ВО СЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

„Платформа 1198“ на ВМРО-ДПМНЕ се однесува на исто толку проекти во различни сфери што коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ се обврзува да ги оствари во следните 4 години. Таа се потпира на пет клучни столба: активна и постојана борба за квалитетен животен стандард, отворање фронт против корупцијата, работа на институциите според закон, обезбедување функционален систем за граѓаните и заеднички патриотизам, а доминантна во програмата е економијата. Се предвидува укинување на балансерот, реорганизација на институциите и нови министерства за енергетика и за социјална политика, демографија и млади.

***„Со ‚Платформата 1198‘ се обврзуваме на раст на БДП до 5 проценти годишно, ниска стапка на инфлација – не повеќе од 2 до 2,5 проценти годишно, буџетски дефицит што постепено ќе се намалува до ниво под 3 проценти од БДП, намалување на невработеноста до 7,5 проценти односно создавање нови 55 илјади работни места“***, рече претседателот на партијата, Христијан Мицкоски.

Тој им порача и на пензионерите дека ВМРО-ДПМНЕ ќе се грижи за нив. Тие би требало да добијат зголемување на примањата од 5.000 денари.

***„Вие сте биле што сме, ќе бидеме што сте. И вие добро знаете дека вашето достоинство е нарушено од неодговорното владеење. Притиснати сте со проблеми. Наместо на вашата возраст да ги минувате најубавите времиња и да уживате во плодовите од вашата децениска работа, принудени сте да протестирате за правата што ви следуваат. Ќе ги покачиме пензиите за 5 илјади денари, но и ќе им го вратиме достоинството на пензионерите. Верувајте во нас и дајте ни ја вашата поддршка“***, им вети Мицкоски на пензионерите.

Тој најави задржување на рамниот данок, незголемување на данокот на личен доход и на данокот на добивка, даночно ослободување кај данокот на личен доход за нововработените млади до 29 години, целосен поврат на данок на личен доход за секоја вработена жена со новороденче. Дополнително, ВМРО-ДПМНЕ има за цел да ги поддржи младите парови со враќање на програмата „Купи куќа“.

Гордана Димитриеска-Кочоска,



Ќе седне ли Мицкоски на премиерското столче?

потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ, посочи дека било голем предизвик да се направат проекциите за буџетот 2024-2028 година ако се земе предвид дека владата на СДСМ и ДУИ ќе оставела пустош во буџетот и речиси банкротиран буџет. Главниот фокус во следните 4 години ќе бил ставен врз инвестициите, а не врз потрошувачката, како што е сега.

***„Прво што планиравме како ВМРО-ДПМНЕ е реализација на капитални инвестиции во износ од 3 милијарди евра. Станува збор за инфраструктурни проекти, за проекти во образованието, во здравството, проекти што ќе имаат вистинска додаден вредност“***, вели Димитриеска-Кочоска.

Голем дел од проектите се однесуваат на реформи на Управата за јавни приходи за таа да може да ги наплати парите што сега се губат во сивата економија.

Голем акцент ќе биде ставен врз инфраструктурата, односно за довршување на постојните и отпочнување нови проекти.

***„Ќе го завршиме и Скопје – Блаце, два километри од единствениот автопат што го почнаа и не го направија седум години. Ќе го направиме и автопатот Кичево – Букојчани бидејќи е предвидено да има автопат Гостивар – Букојчани, и би сакале да го поврземе тој регион до Охрид. Ќе инвестираме многу и во Пелагонискиот Регион на Македонија, кој со години и со децении досега можам да кажам дека е прилично запоставен“***, вети Синиша Ивановски, претседател на Комисија на ВМРО-ДПМНЕ за инфраструктура, урбанизам и транспорт.

Партијата планира да креира 10-годишна нова стратегија за привлекување гринфилд- и браунфилд-инвестиции, но и да направи реформа во системот на поддршка на странските инвестиции и на извозот.

Во делот на внатрешното уредување, претседателот Мицкоски смета дека првата клучна промена за која очекува поддршка од сите партии е парламент со 90 пратеници, наместо 120, и реформа во изборниот законик со која земјата ќе биде една изборна единица. Се предвидува и распуштање на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители и формирање нови врз основа на вистински критериуми.

Во однос на ставот на партијата околу уставните измени и т.н. „џентлменски договор“ на албанските партии дека нема да бидат дел од владата без јасен договор за уставни измени, Мицкоски го нарече договорот „предизборен фолклор“. Тој е дециден дека уставните измени нема да бидат вклучени во преговорите за влада, а условите на сите партии ќе се диктираат по 8 мај. Од неговата партија остануваат на претходниот став дека ако сака Бугарија какво било придвижување во однос на ова прашање, мора да ги спроведе пресудите на судот во Стразбур.



Пендаровски без постојана подршка од Ковачевски.
*Извор: zoom.mk*

## СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ ОЧЕКУВА ВТОР МАНДАТ

СДСМ повторно со стар адут во рака. Актуелниот претседател Стево Пендаровски во втор обид да издејствува уште пет години престој во вилата Водно. Неговиот мандат што полека изминува се карактеризираше со многубројни „тргни-застани" ситуации. По многу прашања се истрчуваше, демонстрираше цврсти ставови, а по неколку дена се премислуваше драстично. Цел негов мандат може да се опише како неконзистентно лидерство во мислењата. За најголемо достигнување на Македонија за време на неговиот мандат, го смета зачленувањето во НАТО.

Сепак, се чини дека во СДСМ има дилеми околу неговиот избор. Иако со месеци претходно се навестуваше дека поранешниот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски ќе биде најверојатен кандидат на СДСМ за претседателските избори, по неговите гафови со издавањето на личните документи, Пендаровски се избори за втора номинација. Првите митинзи поминаа без присуството на претседателот на партијата Димитар Ковачевски, потег што се толкуваше дека на СДСМ да не му се толку важни претседателските како парламентарните избори и дека целата енергија партијата ја има префрлено во тој дел.

Програмата на Пендаровски се заснова на 5 клучни столба: глас на граѓаните; промотор на правата на младите, ранливите и маргинализираните заедници; заштитник на демократијата и на соработката во општеството меѓу заедниците; борба за правна држава без криминал и корупција; и европска интеграција како двигател за целосна трансформација. Токму последново е делот врз кој Пендаровски најмногу сака да стави акцент. Според него, неодговорно е Македонците да се откажат од европскиот пат и од можностите за развој што тој ни ги нуди.

***„Токму поради тоа, неправдите и разочарувањата не смеат да нѐ поколебаат во остварувањето на нашата цел. Конечно, придобивките од постепената интеграција најсилно ќе ги почувствуваат младите, особено во образовните политики, технолошкиот развој и социоекономските политики за подобрување на нивниот социјален и економски статус, како и во намалувањето на емиграцијата"***, вели Пендаровски.

И покрај тоа што Пендаровски е повеќе од три децении во политиката и се труди да биде коректен со противниците, се чини дека кога „му гори под нозе", заборава на џентлменските манири. Кандидатите се обврзаа да не водат негативна кампања кон противниците, но тој упати низа вербални удари кон Силјановска-Давкова. Од обвинувања дека нема програма иако е таа презентирана на 40 страници, преку тоа дека таа не си ја знае сопствената земја, до совет да си набави ГПС-уред, со многубројни навреди врз основа на возраст и на полова припадност, со цел да ја дискредитира противкандидатката.




**СДСМ се бори да ја задржи власта.**
*Извор: Републикa*

## СДСМ – ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕУ ДО 2028 ГОДИНА

Коалицијата „Заедно за европска иднина" предводена од СДСМ ќе се бори за уште еден мандат. На овие избори, новина е што актуелниот претседател на партијата Димитар Ковачевски за првпат ќе си ги одмери силите на избори. Во програмата на 250 страници, доминантен дел се евроинтеграциите. Партијата се обврзува да ги заврши преговорите со Европската Унија до 2028 година и да ја внесе Македонија во европското семејство до 2030 година.

***„Завршување на преговорите со ЕУ до 2028 година и членство до 2030 година. Програмата е детална, конкретна и содржи голем број мерки во сите области и за сите граѓани. Оваа програма е за сите – за младите, пензионерите, земјоделците, бизнисите, работниците, лицата со попреченост, жените, мажите, Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Власите, Бошњаците – буквално за сите што живеат во нашата Македонија"***, рече Ковачевски.

Во првиот столб од програмата на СДСМ се европски плати и животен стандард, каде што се предвидени просечна плата од 1.100 евра и минимална плата од 600 евра или 37.000 денари. Програмата предвидува, до 2028 година, минималната пензија да биде 20.000 денари, а просечната пензија 30.000 денари или 500 евра. Тие потсетуваат дека просечната пензија пораснала, ја зголемиле за 6.400 денари во својот мандат, а минималната за 50%. Ветуваат од оваа година и таканаречен новогодишен пакет од по 100 евра за секој пензионер, а од по 200 евра месечно во првите 12 месеци за секое прво вработување на лица до 26 години.

Во делот на стопанството, предвидена е програма од 180 милиони евра директна финансиска поддршка за домашните

компании за инвестиции во производството.

„Поттик на економскиот раст – предвидуваме 3,5 милијарди евра јавни капитални инвестиции. Во следните четири години ќе инвестираме 2,7 милијарди евра во инфраструктурни проекти. Тоа се 194 километри изградени автопатишта до 2028 година и реконструирани 950 километри патишта", вети претседателот на СДСМ.

Во столбот „Европско земјоделство", Ковачевски рече дека СДСМ ќе обезбеди поголеми субвенции и поддршка за земјоделците од 750 милиони евра.

***„До 2028 година, проектираме Македонија повеќе да извезува отколку да увезува храна. Извозот на земјоделски производи ќе биде 1,25 милијарди евра"***, вели тој.

Програмата во делот на образованието предвидува и бесплатен топол оброк за учениците во основните и во средните училишта, како и бесплатен јавен превоз за сите ученици и студенти.

Се ветува и чиста енергија од обновливи извори и поевтинување на струјата. СДСМ ја нагласува енергетската независност преку укинување на тарифите за пристап до мрежата и преку модернизација на РЕК Битола.

Најголем дел од фалбите за досега сработеното се однесуваат на економијата. Сметаат дека направиле и повеќе од она што го ветиле бидејќи кажале дека просечната плата ќе биде 34.000 денари, а достигнала 40.000.

***„По завршувањето на изборите, ако ја формира СДСМ новата Влада, тоа ќе значи продолжување на патот кон ЕУ, подобар животен стандард за граѓаните, економски развој и унапредување на демократијата, слободите и на социјалната вклученост"***, рече Ковачевски. Тој додаде дека Владата на СДСМ ќе продолжи да ги спроведува реформите, кои ќе обезбедат владеење на правото и добро владеење, транспарентни, одговорни и инклузивни институции и креирање политики, приближување и усогласување на националните политики и закони со оние на правото на ЕУ. ***„СДСМ ќе ја внесе Северна Македонија во ЕУ и ќе ги зачува вредностите на ЕУ дома"***, рече претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски.

## ДУИ – „ЕВРОПСКИ ФРОНТ" ИЛИ ГОЛА БОРБА ЗА ВЛАСТ?

За многумина, коалицијата „Европскиот фронт" е само последен обид на ДУИ да остане на власт. Владејачката албанска партија во изминативе години имаше неброени афери од коруптивен карактер, од сомнителниот договор во 4 очи со „Бехтел и Енка", преку вработување роднини на високи функционери во јавната администрација и во судството, сѐ до инвестиции на внуци на високи фигури во власта итн. ДУИ е толку долго на власт што склоноста кон корупција е речиси неизбежен феномен што се поврзува со нив.

Коалицијата „Европски фронт" и номинирањето на Бујар Османи за лидер на државата е обид да си ги одмерат силите со никогаш посилната досега албанска опозиција. И покрај напорите во последниве години фокусот да се стави на економијата и на зелената агенда, сепак, уставните измени, евроинтеграциите и вработувањето по Бадинтер остануваат изборната рамка во која тие ќе гледаат да ги задржат постојните, но и да привлечат нови гласачи.

Реториката на Бујар Османи во предизборниот период се сведува на задолжителноста за прифаќање на толку наметнатите уставни измени како услов за продолжување на патот кон Европа. На стравувањата на граѓаните дека по промената на името, ниту ова нема да биде последната голема отстапка што треба да ја

направиме на евроинтегративниот пат, Османи вели дека ќе бара гаранции од европските политичари дека ќе нема нови условувања, како и динамика за промените на преамбулата.

Ако стане шеф на државата, рече дека првата работа што ќе ја направи ќе биде да ги свика лидерите на политичките партии на состанок од кој нема да излезат додека не се постигне државен консензус.

***„Членството во Европската Унија е без алтернатива. Земјите од Западен Балкан не може да просперираат сами од своите капацитети и ресурси, и затоа е потребно што побргу да се донесат уставните измени, а до 2028 да се затворат сите поглавја“***, порача Османи.

Османи при презентацијата ги наведе трите основни принципи на програмата од кои произлегуваат 10-те ветувања. Основните столбови се: компасот на геостратешката ориентација на земјата, врзивното ткиво на етничките и на политичките наративи, како и улогата на креатор на државниот консензус.

Интеграција во ЕУ до 2030 година, избор на претседател преку Собранието со двојно мнозинство, партнерство и стратешки дијалог со САД, формирање меѓународен одбор со САД, ЕУ и со НАТО за сертификација на сите носители на јавни функции, зајакнување на Армијата во согласност со стандардите на НАТО, соодветно меѓународно етаблирање преку надворешната политика, задржување на младите во земјата, образование и иновации, како и зелена агенда – ова се заложбите на Османи.

Од „Европскиот фронт“ се надеваат на 20-ина пратеници во Собранието.

***„Уставни измени, евроинтеграции, добрососедство, бескомпромисна борба против организираниот криминал и корупција, економскиот рамковен договор – тоа се клучните зборови на заедничката програма. Силно веруваме дека „Европскиот фронт“ со нашите кандидати ќе ја постигне следната победа – најдлабоката победа што е забележана досега или, накратко кажано, плус 20 пратеници. Покажавме дека оваа држава може да ја води, но и многу добро и подобро да ја менаџира и еден Албанец. Тоа го докажа и претседателот на Собранието, актуелен премиер на Северна Македонија, Талат Џафери“***, истакна Арбер Адеми.

Бујар Османи, адут на ДУИ.





**Коалицијата ВРЕДИ на митинг во Струга.**
*Извор: facebook-Taravari*

# КОАЛИЦИЈА ВРЕДИ – ЌЕ ЈА ОДНЕСАТ ЛИ ДУИ КОНЕЧНО ВО ОПОЗИЦИЈА?

Коалицијата ВРЕДИ му дише во врат на ДУИ и на коалицијата „Европски фронт“. Многубројните Албанци незадоволни од коруптивните и од криминални активности на ДУИ во изминативе години, конечно имаат шанса да изберат нови лидери и пратеници што ќе ги претставуваат солидно во Парламентот.

И покрај драстичните разлики, лутите противници имаат и заеднички поенти околу кои не отстапуваат при коалицирањето во некоја идна влада. На пример, имаат џентлменски договор дека нема да влезат во коалиција со партија која нема да ги прифати уставните измени. Исто така, и ВРЕДИ поддржува избор на претседател на државата во Собранието, со двотретинско мнозинство и со почитување на Бадинтеровиот принцип.

Арбен Таравари, кандидатот на ВРЕДИ на претстојните претседателски избори, вели дека ќе се повлече од политиката ако не го победи Османи на избори.

Тој посочи дека првиот чекор како иден претседател треба да биде и првото патување за Брисел, од каде ќе се бара од високите претставници на ЕУ да нема други услови за Македонија освен последниот што се однесува на уставните измени.

***„И со ова да се вратиме во Македонија, а на мандаторот на кој му се дава мандат за формирање влада да му се бара динамика со рокови за спроведување на уставните измени. Не велам за месец, два или три, туку да не биде повеќе од шест месеци, со цел ова да заврши, а Македонија да ги продолжи преговорите со ЕУ. Кога го отвораме Уставот, секако дека ќе треба да преговараме уште неколку нешта“,*** порача Таравари.

Тој додава дека во неколку наврати кажал дека тука треба да се стави и условот на повлекување на ограничувањето на употребата на албанскиот јазик со број 20 или 20%.

ВРЕДИ даде сигнали дека е расположена да коалицира со ВМРО-ДПМНЕ. Фари Хисени пред неколку недели потврди дека ако се сродни програмите, нема да има никаков проблем да коалицираат со ВМРО-ДПМНЕ. И двете се опозициски партии, па сметаат дека е сосема природно да коалицираат по изборите. Сепак, од ВРЕДИ сè уште не се изјаснуваат дали ќе биде неизбежен при преговорите за нова влада и условот за уставни измени да биде прифатен од ВМРО-ДПМНЕ или пак за тоа ќе се разговара дополнително.

Лидерот на Алтернатива, Африм Гаши, е убеден во победата и смета дека ВРЕДИ ќе освои пет пратеници повеќе од ДУИ.



Билјана Ванковска.
*Извор: facebook-Biljana Vankovska*




Адутите на Левица.



# ЛЕВИЦА – МОЖЕ ДА ПОМЕША МНОГУ СМЕТКИ ВО СОБРАНИЕТО

Според последните анкети, и Левица може да помеша многу сметки при коалицирањето за идна влада. Партијата номинираше и свој кандидат за претседател, универзитетската професорка Билјана Ванковска.

Таа во својата кампања и ставови и тоа како се разликува од противкандидатите. Ванковска, на пример, се залага за излегување од НАТО-алијансата.

***„Како сиромашна земја што нема економски развој, секоја година издвојуваме повеќе од 2 отсто од својот вкупен национален доход, а притоа само тонеме во сиромаштија. Она што го издвојуваме оди за финансирање туѓи војни“***, рече Ванковска.

Партијата се залага за потесна соработка со земјите од БРИКС и посети на највисоко ниво на овие земји.

Ванковска ги повтори заложбите од нејзината изборна програма за носење нов устав.

***„Нужно е да донесеме нов устав наместо да се надмудруваме кој ќе влезе во преамбулата. Тој устав ќе биде современ, таков каков што ќе го донесеме за себе како политичка заедница што нема да биде делена по етнички квоти, со олигархии и етнотрибализам, туку социјален устав, заснован на принципите на социјална класна правда и еднакви можности. Сонцето и „Белите мугри“ на Рацин изгреваат на Исток! Иако ни кажуваат политички мудрости дека сонцето излегува на Запад, на Запад се случуваат драматични работи, светот се менува и ние треба да гледаме на сите четири страни“***, рече Ванковска.

Партискиот лидер Димитар Апасиев порача дека во иднина нема да има влада без учество на Левица. Тој рече дека Левица ја создаде Македонската платформа во пет точки што ја има понудено до сите македонски партии.

***„Петте точки се: не преговараме за унитарноста, за територијалниот интегритет и суверенитет, за државните инсигнии, за секуларноста и не преговараме за идентитетот. Не може историски комисии да ни ги пишуваат нашите учебници и наратив. Левица ја нуди Македонската платформа како пандан на нивата Тиранска платформа. Нудиме изборна реформа со една изборна единица без ценузс, да видиме како пратеник во ИЕ6 се станува со 6 илјади гласови, а пратеник во ИЕ3 со 10 илјади гласови“***, истакна Апасиев.

Носителите на листи ги потврдуваат своите ставови за укинување на, како што велат, трите штетни договори што ја влечат земјава надолу – Охридскиот, Преспанскиот и Договорот со Бугарија.



**ЗНАМ треба да докаже дека не е само Максим Димитриевски.**
*Извор: facebook-ZNAM*

# ЗНАМ – ОГНЕНО КРШТЕВАЊЕ НА ДВОЈНИТЕ ИЗБОРИ

„За наша Македонија“ на одметнатиот СДСМ-овец Максим Димитриевски ќе го има своето огнено крштевање на двојните парламентарни и претседателски избори. Тој ја започна својата кампања за претседател, „Максимум за Македонија“, од Крушево. Димитриевски напомена дека е за продолжување на европскиот пат на државата со заштита на државните интереси. Македонија требала да влезе во ЕУ, но со кренатата глава.

***„Која е разликата меѓу мене и останатите кандидати? Јас сум кандидат што излегува од граѓаните, работел и работи и ќе продолжи да работи за граѓаните“***, изјави Димитриевски.

Заложбата на ЗНАМ е сите што живеат во државата да произведат доволно храна и енергија за, како што рече, „да бидеме свои на своето“. Повисоки плати, праведен систем, силна економија, поддршка за младите, вложување во здравствениот сектор и земјоделството се дел од заложбите на политичката партија Движење ЗНАМ – За наша Македонија.

Според Димитриевски, потребен е баланс во општеството и во политиката, а од голема важност за нормалното функционирање на државата има дефиницијата на соживот, со што, како што нагласи, мора да гради реално мултиетничко општество.

Додаде дека интеграцијата во Европската Унија е стратешка цел, но, како што посочи, прво треба да се сработи работата дома. Нагласи дека ако биде избран за претседател, нема да потпише закон или документ што ќе ѝ штети на државата.

ЗНАМ се залага за уставни измени и, не само тоа, туку нема ништо против ако се допишат еден куп етнички заедници во Уставот, но со одложена правна важност, кои ќе стапат на сила во истиот момент кога Република Македонија ќе стане полноправна членка на Европската Унија.

Исто така, определба е и бришење на фамозните 20% од Уставот.

ЗНАМ се залага да се обезбеди 13. пензија во форма на субвенција за сите пензионери, а парите за тоа би ги обезбедиле од нереализираните средства од капиталните инвестиции што остануваат на крајот на годината.

Димитриевски најави дека една од неговите први активности ќе биде измена на постојниот Кривичен законик, со кој се амнестираа голем број политичари во државата, како и претходни политичари, бидејќи законот треба да важи подеднакво за сите. Тој, како што рече, не отстапил од слоганот „Нема правда, нема мир“, кој сè уште важел за него.

Партијата номинираше кандидати за пратеници во сите шест изборни единици. ЗНАМ треба да докаже дека е сериозен играч на македонскиот политички простор, а Димитриевски дека партијата не се врти само околу неговиот лик и дело, туку дека има интелектуални капацитети и професионалци што би работеле на сите полиња и на цела територија, а не само во Куманово и во околината, каде што е гласачката база на ЗНАМ.





# ПЕТКОВ: „ЕДИНСТВЕНИ СМЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО НА СВОЈАТА ТЕРИТОРИЈА НЕМААТ НИТУ ЕДНА ДЕПОНИЈА

***„Еден од најголемите проблеми за развој на општината и за реализација на капитални проекти е немањето детални урбанистички планови и урбанистички планови за селата. Токму поради тоа, му посветивме максимално внимание на тој дел. Веќе се донесени неколку планови за блокови за индивидуално домување и за блокови за мало стопанство, со што се создаде можност за изградба на вакви објекти. За некои од нив се издадени одобренија за градба и тие веќе се градат,“*** *вели градоначалникот на Виница, Миле Петков. Тој од октомври 2021 година успешно ја извршува функцијата градоначалник на Општина Виница. Во интервјуто за Магазинот за туризам и менаџмент, Петков најавува нова туристичка населба за изградба на викенд-куќи и хотелски комплекси.*

# МОЈА ОПШТИНА

## Интервју со градоначалникот на Општина Виница, Миле Петков



Панорама на Виница.
*Извор: macedoniafromabove.mk*



**Кога стапивте на функцијата градоначалник на Општина Виница, затекнавте вкупен долг од 55 милиони денари и неплатени обврски за извршени услуги што секојдневно достасуваа за наплата, како и нефункционално јавно претпријатие со долг од 23 милиони денари. Како успеавте да се справите со овие предизвици? Во каква состојба се сега општината и јавното комунално претпријатие?**

Кога стапив на функцијата градоначалник, Општина Виница и ЈКП „Солидарност“ беа во исклучително лоша финансиска состојба. Дополнително отежнувачка околност за нас, како и за сите локални самоуправи, беше големата енергетска и економска криза со кои се соочивме и чии последици сè уште ги чувствуваме. И покрај тоа, со исклучително домаќинско, дисциплинирано и чесно работење, успеавме да се справиме со притисокот од напливот на побарувањата, и не само тоа, туку успеавме и долгот на Општина Виница да го намалиме за речиси

20 милиони денари. Ситуацијата во ЈКП „Солидарност“, како и во многу комунални претпријатија во Македонија, морам да бидам искрен, сè уште не е финансиски стабилизирана и не сум задоволен од тоа. Сепак, ударот од кризата, особено во делот на енормното зголемување на сметките за електрична енергија на јавното претпријатие, како и растот на платите на вработените како резултат на законските обврски и, секако, катастрофалната состојба што ја затекнавме, беа преголем товар за јавното претпријатие за да можеме да го доведеме на нивото што го посакуваме. Сепак сум убеден дека за краток временски период, финансиската ситуација ќе биде значително подобрена.

**Најавивте реални проекти наместо празни ветувања и тоа го остваривте. На кои проекти сте особено горди?**

Ако гледаме од аспект на тоа што можеби најмногу ги мачеше и што претставуваше особена директна опасност по здравјето на граѓаните на Општина Виница, тоа е сигурно затворањето на општинската депонија во с. Лески, проект за кој  особено се ангажиравме. Ја подготвивме комплетната планско-урбанистичката документација, што беше предуслов да се почне процесот за затворање на депонијата. И откако претходно беа исчистени и затворени дивите депонии во с. Блатец,  с. Истибања и с. Виничка Кршла, Општина Виница стана првата општина во Република Македонија што на својата територија нема ниту една депонија. По подолг временски период, извршивме реконструкција на сината сала во Домот на културата „Тошо Арсов“ како култно место во кое се одржуваат голем број културни настани од домашен и од меѓународен карактер.

**Водоводна и канализациона мрежа се основни услови за живот на граѓаните. Какви беа, а како изгледаат денеска во Виница?**

Како и во сите области што се во надлежност на локалната самоуправа, така и во делот на комуналната инфраструктура работевме посветено и плански. Реконструирана е водоводната мрежа, односно заменети се штетните азбест-цементни цевки со полиетиленски цевки на улиците „Партизанска“, „Христо Узунов“,  „Григор Прличев“, дел од ул. „Маршал Тито“, ул. „Ванчо Прќе“ и ул. „11 Октомври“, а во завршна фаза е реконструкцијата на дел од улиците „Иво Лола Рибар“ и „Н. Н. Борче“ во Виница. Реконструиравме и дел од водоводната мрежа во с. Блатец. Изградена е надворешна фекална канализација на ул. „Крушевска Република“ во Виница, а за првпат и во единственото село од збиен тип во Општина Виница, с. Липец, кое немаше ниту еден метар канализациона мрежа, започнавме и изградивме дел од

Реконструкција на водоводната мрежа во Виница.



канализационата мрежа.

Истовремено работиме на изработка на проектно-техничка документација за изградба на канализациона мрежа на делови од град Виница, и тоа дел од улиците „Моша Пијаде“, ул. „Маршал Тито“, ул. „Браќа Миладинови“, Кеј „30 Август“, ул. „Ванчо Прќе“ и ул. „Братство Единство“, како и за населените места односно за краци во с. Блатец, с. Пекљани и с. Градец. Работиме на изработка на документација и за реконструкција или изградба на водоводна мрежа на ул. „Пиринска“, ул. „Ванчо Прќе“, ул. „Видео Смилевски Бато“, дел од ул. „Илинденска“, Кеј „30 Август“ во град Виница и во с. Истибања. Кога станав градоначалник, ако имав наследено изработено документација за изградба на водоводни и канализациони системи за погоре наведените делови од градот и населени места, голем дел од нив досега ќе ги изградевме.

**Не можат да се градат нови индивидуални и стопански објекти затоа што нема урбанистички планови, но вие постигнавте успех и во тој дел. Со кои планови и објекти го разубавивте градот?**

Еден од најголемите проблеми за развој на општината и за реализација на капитални проекти е немањето детални урбанистички планови и урбанистички планови за селата. Токму поради тоа, ние му посветивме максимално внимание на тој дел и веќе се донесени неколку ДУП-ови за блокови за индивидуално домување и за блокови за мало стопанство. Со тоа се создаде можност за изградба на вакви објекти, и тие за кои се издадени одобренија за градба, веќе се градат. Во завршна фаза на донесување се неколку ДУП-ови и урбанистички планови за 3 села, со што ќе има можност за изградба на објекти за семејни куќи, станбени згради за колективно домување и објекти за мало стопанство, како и изградба на објекти во овие села. Освен тоа, започната е постапка за донесување нови ДУП-ови во градот, УПВНМ за изградба на индустриска зона за мало стопанство и урбанистички планови за уште 3 села, но, за жал, овие постапки предолго траат. Се надевам дека новата влада ќе предложи законско решение со кое овие постапки ќе се скратат, сè со цел побрз развој на општините.

**Со вашето долгогодишно професионално работно искуство од речиси 30 години и поради природата на Вашата работа како геодет, изјавивте дека сте влегле буквално во секој дом и дека ги знаете проблемите со кои се соочуваат граѓаните, а и нивните очекувања од локалната власт. Кои нивни очекувања ќе ги остварите во следниот период?**

Потребите на граѓаните за кои сме надлежни ние како локална самоуправа се секако проблемите што ги наведов погоре во делот

Петков на терен за време на реконструкцијата на патниот правец Блатец - Детлово.





Изградба на спортски терен во Виница.

на комуналната инфраструктура, особено во делот на водоводната и на канализационата мрежа, но голем дел од граѓаните очекуваат и бараат и подобрување на сообраќајната инфраструктура.

Токму поради тоа, веќе започнавме со асфалтирање и со реконструкција на многу улици во градот и во населените места, рекорден број вакви зафати во историјата на Општина Виница. Во рок од 8 месеци, нов асфалт или реконструкција ќе добијат над 20 улици на кои не било интервенирано над 30-40 години, а, исто така, предвидовме дополнителни 14 милиони денари за рехабилитација на други улици и темелно крпење на ударни дупки. За ова, Општината склучи договор во вредност од 45 милиони денари, средства што во целост се обезбедени од нашиот буџет.

Во завршна фаза е и изградбата на спортски терен за кошарка и теретана на отворено, што за неколку ден ќе биде завршено. За краток временски период ќе биде завршена и реконструкцијата на киносалата во Виница. Продолживме со изградбата на покриениот градски пазар во Виница и очекувам до крајот на годината да биде завршен и овој капитален проект.

Во рамките на програмата за прекугранична соработка со Р. Бугарија е одобрен проектот за уредување на кејот на Градечка Река, и веќе сме во фаза на потпишување договор, кој ќе биде реализиран во следниот период.

**Да се биде градоначалник значи да се работи за граѓаните. Како Ви успева да воспоставите комуникација со вашите сожители? Кои проекти се ваше заедничко дело?**

Реконструкција на киносалата во Виница.



Без исклучок сум отворен и комуницирам буквално со сите граѓани што ќе побараат средба. Соработката со граѓаните, невладини организации и со здруженијата на граѓани е на одлично ниво. Како плод на нашата заедничка соработка, конкретно можам да ја издвојам набавката на 2 противпожарни возила за потребите на ТППЕ Виница. Исто така, на форум на заедницата е избран проектот за набавка на комунално возило за собирање отпад, за кое е во тек е преттендерска постапка. Има уште многу примери за соработка на проекти што ги реализиравме во интерес на сите граѓани.

**Виница е позната по термалните води, тука е Плачковица. Дали реализиравте дел од планот за развој на туризмот?**

Да, за Топлички Рид во с. Истибање имаме комплетна техничка документација за изградба на хотелски комплекс и спортски терени на површина од 25 хектари. На овој простор има големи количества геотермални води што не се доволно искористени. Моментално има приватен концесионер за ова подрачје, што е пречка за реализација на овој проект. Јас се надевам дека новата влада ќе изнајде начин дел од овие геотермални води да се искористат за новопланираниот хотелски комплекс, но и за веќе постојните хотели на ова подрачје. На планината Плачковица во м.в. Маринково планираме изградба на туристичка и викенд-населба со викенд-куќи и хотелски комплекси. За реализација на овој проект е потребно да биде изграден локалниот пат од с. Градец до м.в. Маринково, за што имаме изработено проектна документација. Јас се надевам дека со помош на новата влада ќе го изградиме овој пат, па ќе се отвори можност за реализација и на овој проект.

**Избрани сте за нов претседател на Советот за развој на Источниот плански регион. Мандат од една година, сметано од 21 ноември 2023 година. Што претставува За Вас оваа функција и кои се првите резултати од вашето работење?**

Во Источниот плански регион има 11 општини. Претседателот е прв меѓу еднаквите, и можам да кажам дека имам одлична соработка и коректна комуникација со сите градоначалници, во интерес на сите општини. Од Програмата за рамномерен регионален развој за 2024 година, утврдивме заедничка предлог-листа на проекти, во која се опфатени сите 11 општини од регионот. Тоа се проекти од интерес на граѓаните, избрани преку форуми на заедниците.

**Манифестациите, особено тие што се**



Петков избран за претседател на Советот за развој на Источниот плански регион.



**поврзани со традиционалните обичаи, најмногу допираат до народот, ја будат колективната свест, го креваат заедничкиот дух. Со оваа парола, Виница во изминативе години го стави акцентот врз културното наследство. Неодамна се одржаа „Тодоровите трки“ . Што сѐ организиравте во време на вашиот мандат и колкава беше посетеноста?**

За поддршка на културата и за настаните како што се прославите по повод празникот на градот Павловден, ослободувањето на Виница на 30 август, меѓународниот фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“, меѓународниот фестивал на хумор и сатира „Ин Виница веритас“, „Тодоровите трки“ и уште многу други, како општина издвоивме над 4.000.000 денари.

На сите настани посетеноста е голема бидејќи се работи за традиционални настани. Дел од нив се и со меѓународен карактер, но и тие се одлично прифатени од граѓаните.

**Колку имавте поддршка од централната власт? Имаа ли слух за Вашите проблеми или фактот што сте градоначалник од опозицијата беше бариера меѓу неа и Вас?**

Ние како општина аплицираме на сите можни повици за реализација на проекти од надворешни извори на финансирање.

Иако имаме добиено некои проекти за реализација од централната власт, сепак сметам дека има селективен пристап во доделувањето финансиски средства во зависност од политичката припадност. Додека на општините блиски на централната власт им се доделуваат огромни финансиски средства, за општините од опозицијата тие се сведени на минимум.

За разлика од нив, новата влада, за која се надевам дека ќе биде предводена од ВМРО-ДПМНЕ, предвидува подеднаква помош за реализација на проекти за сите општини во Република Македонија без разлика на политичката припадност, а во зависност од бројот на жители во општините. Тоа е единствениот исправен начин за помош на општините, и мислам дека со тоа сите општини во Република Македонија ќе бидат препородени.

**Колку Ви се смени животот како градоначалник? Имате ли класичен работен ден од 8 часа и викенд во кој му се посветувате само на семејството?**

Дефинитивно не само јас, мислам дека и секој градоначалник нема или не треба да има работен ден од 8 часа. Постојано сум во контакт со граѓаните, како и со обврски поврзани со работата и по работното време.

Петков со семејството на фамилијарна прослава.



Сепак, секогаш наоѓам време и за семејството. Со добра организација, има време за сѐ.

**Во кој дел од градот живеете? Колку членови брои Вашето најблиско семејство?**

Живеам на влезот во Виница, во семејна куќа што ја изградив во 2001 година. Имам сопруга и две деца – ќерка и син, кои засноваа свои семејства, па веќе имам 3 внуки и 1 внук.

**Што очекувате од претседателските и од парламентарни избори?**

Ги очекувам промените што ги бараат и мнозинството граѓани, за доброто на Македонија и на македонскиот народ. Убедлива победа на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата на парламентарните избори и избор на стабилна влада за економски развој на општините и државата. За претседател на Република Македонија, очекувам победа на професорката Гордана Силјановска-Давкова, за да завладее конечно правната држава во Република Македонија.

**Имате одлична соработка со Универзитетот Скопје. Кога почна и на кој начин се реализира?**

Со Универзитетот Скопје соработката започна во месец мај во 2022 година со потпишување на Меморандум за соработка со ректорот проф. д-р Аце Миленковски.

Со потпишувањето на овој Меморандум, се договоривме за наша понатамошна соработка и партнерство во аплицирањето за проекти што се од заеднички интерес, организација на настани од заеднички интерес, подобрување на капацитетите на вработените во општината со реализација на обуки, работилници и семинари од Универзитетот и експертска поддршка во сферата на градењето и креирањето атрактивни туристички брендови на ниво на општина Виница.

Исто така, со потпишувањето на овој меморандум општина Виница доби 15 стипендии за упис на додипломски студии во академската 2022/23 година, за четиригодишни студии, со целосно покриени трошоци за студирање на Универзитетот, кој нуди студии во атрактивни области: економски факултет, факултет за туризам, меѓународен маркетинг, човечки ресурси, информатика и претприемништво.

На покана на Универзитетот, присуствував и на првиот Меѓународниот форум за градоначалници на УТМС, каде што чувме многу позитивните практики од градоначалници од светските метрополи, а кои се применливи и потребни кај нас за да станат и нашите општини модерни и европски.



Потпишување Меморандум за соработка помеѓу Универзитеот Скопје и Општина Виница.

# КУМАНОВО – НЕОПРАВДАНО ЗАПОСТАВЕН ТУРИСТИЧКИ БИСЕР

**Градот на „Батко Ѓорѓија“ е речиси незабележителен на туристичката мапа на Македонија. Освен на поминување, ретко кој го посетува намерно еден од најинтересните градови во земјава. Најчести се посетителите од Србија и странците што ноќеваат овде на пат кон летувалиштата во Грција. Домашните туристи, освен посетите на локалните ресторани како „Етно село Тимчевски“ и „Визиана“ за еднодневно уживање, како и мегалитската опсерваторија Кокино, тешко дека биле или барем слушнале за локалитетите во близина што би го заинтригирале секој турист. А Куманово и околината имаат и тоа како што да понудат, но се чини промоцијата е на незавидно ниво и нема изгледи дека тоа би се променило во иднина.**

## МЕМОРИЈАЛЕН ЦЕНТАР АСНОМ

Речиси неизбежен за посета непосредно пред самиот граничен премин Старац, се наоѓа Меморијалниот центар АСНОМ. Културно-историскиот и спортско-рекреативниот центар во кумановското село Пелинце е посветен на Првото заседание на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински.

Центарот се изгради во 2004 година на јубилејот 60 години АСНОМ, на само два километри оддалеченост од историското место, откако македонските делегации со години имаа проблеми при одбележувањето на историскиот ден во манастирот, а особено откако српскиот радикал Воислав Шешељ насилно ги извади спомен-плочите од заседанието на АСНОМ во 1998 година.

Комплексот има површина од 8,5 хектари, а на него се наоѓаат: игралишта, ресторан,

Мозаик Пелинце.



амфитеатар за приредби и музеј на АСНОМ во кој се пренесени спомен-плочите од Заседанието на АСНОМ што биле во манастирот Прохор Пчински. Проектант на Меморијалниот центар е архитектот Георги Константиновски. Во музејот се наоѓа копија на собата во манастирот „Прохор Пчински“, во која се одржало Првото заседание на АСНОМ. Тука можат да се видат и знамињата на сојузниците во антифашистичката коалиција на кои се поставени слики на лидерите на земјите-сојузнички во Втората светска војна – Русија, САД и Велика Британија и препознатливиот портрет на Гоце Делчев.

Веднаш до неа е и спомен-собата во која се изложени документите од создавањето на македонската држава. Како најзначајни решенија се прогласувањето на Македонија за федерална држава во нова Демократска Федеративна Југославија, прогласувањето на македонскиот јазик за службен јазик на македонската држава и прогласувањето на 2 август (Илинден) за национален и државен празник. Беше донесена и Декларација со која се гарантира слобода и рамноправност на граѓаните во Македонија без разлика на вера и националност, право на бесплатно образование, право на избор, итн.

На фасадата на музејот се наоѓа монументален мозаик од 140 квадратни метри - Македонија дело на македонски сликар Рубенс Корубин. Мозаикот ја содржи македонската азбука, која е донесена на 3 мај 1945 година на предлог на Комисијата за јазик и правопис при Министерството за просвета, како и македонски шуми и рисот како ендемски вид.

## ПРЕДЕЛОТ ОКОЛУ РЕКАТА ПЧИЊА

Меморијалниот центар АСНОМ, манастирот Прохор Пчињски на српска страна, испосницата на Прохор Пчињски се наоѓаат во непосредна близина на долината на реката Пчиња. Оваа река речиси по целиот свој тек се одликува со величествена природа, која е магнет за посетителите за време на викендите и во минатото беше редовна пикник-дестинација за Македонците, не само за Илинден, туку и за првомајските

Река Пчиња.



празници. Во рамки на Меморијалниот центар, има многубројни летниковци за одмор, а непосредно покрај реката можат да се забележат семејства со деца, рибари, излетници.

И додека на потегот од Катланово, па сè до Куманово, Пчиња е речиси уништена поради многубројните дозволи за експлоатација на минерални суровини и песок од и околу реката, српската држава може да се пофали дека и тоа како, за разлика од нас, знае да го чува природното богатство. Делот непосредно до границата со Македонија или поточно северно од неа, помеѓу планините Козјак и Старац е прогласен за „Предел со особени природни одлики – Долина на Пчиња". Тоа значи дека реката Пчиња е заштитен појас од втор степен поради своите карактеристики, убавина, клисурести предели, ендемски видови на флора и фауна.

## БИСЛИМСКА КЛИСУРА

Еден ваков исклучително привлечен предел по должината на реката Пчиња е Бислимската клисура, која се наоѓа непосредно околу селото Пчиња на потегот кон Куманово. Ако доаѓате од Куманово, ќе стигнете многу брзо, но ако случајно сакате да стигнете дотаму од Скопје преку Горно Коњаре, мошне веројатно е да ви се дупне гума по пат, бидејќи овој патен правец е толку запоставен што важи за еден од најруинираните во земјава. Во никој случај не смее да се дозволи оваа клисура што сè повеќе привлекува внимание кај Македонците, особено во последниве неколку години да остане неповрзана со инфраструктура од сите страни.

Инаку клисурата е долга 7 километри, а до неа се пристапува пешки од селото Пчиња. Има јасно обележана патека по течението на реката, каде што на места има спуштање, но и на стрмни места бара искачување по варовничките карпи. По течението на реката Пчиња во Бислимската Клисура, во карпите се забележуваат голем број пештери што се дом за огромен број ендемични видови фауна. Во кањонот се откриени десет пештери, од кои најдолга е пештерата Студен Пештер (90 м). Според уникатниот пештерски накит се издвојува пештерата Лишков Пештер, а најдлабока пропаст е Маркова Куќа со длабочина од 40 м. За големиот број пештери во Бислимската Клисура постојат многу легенди што се пренесуваат од колено на колено меѓу локалното население. Најубав панорамски поглед кон Пчиња и Бислимската Клисура може да се доживее од врвот Кукуљатица. Овој кањон сè уште останува тајна за македонските туристи, а најчесто е посетуван од страна на ретките авантуристи.



**Бислимска Клисура.**

# ЦРКВА „СВЕТИ ЃОРГИ“ И ИСПОСНИЦАТА НА ПРОХОР ПЧИЊСКИ ВО СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Старо Нагоричане е релативно млада општина, но во неа се крие огромен туристички потенцијал, особено од религиозен карактер.

Црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане зазема едно од најзначајните и највисоките места во историјата на средновековната византиска уметност во Македонија. Од првобитната црква на Роман IV Диоген (1068-1071) од IX век се сочувани само ѕидовите на фасадите од тесани камени блокови, до сводовите и еден сосема мал фрагмент од некогашниот фреско-живопис, на северниот ѕид во наосот, како сведоштво за богатото украсување на старата црква. Денешната црква ја обновил српскиот крал Стефан II (1282-1321) во 1313 година, што се гледа од камениот натпис над задниот влез.

Испосницата на светецот Прохор Пчињски во Старо Нагоричане се наоѓа во непосредна близина на црквата Св. Ѓорѓи, во централниот дел на селото. Тој овде поминал дури 32 години од својот живот посветувајќи му ги на Бога, без никаков контакт со друг човек и исклучиво во друштво на диви животни.

Изградбата на првобитната црква Св. Ѓорѓи од XI век е поврзана со легендата за Прохор Пчињски, кој живеел во оваа мала пештера. Во близина на селото Старо Нагоричане, византискиот војсководец Роман IV Диоген, кој со својата војска престојувал во овој крај, бил во лов на срни и упаднал во пештерата на Прохор Пчињски. Тој го прекорил да не ја убива срната. При тоа му претскажал дека во иднина ќе стане византиски цар. Роман IV Диоген го послушал испосникот, не ја убил срната, заминал за Константинопол и за кратко време станал византиски цар (1068-1071). Во знак на благодарност кон видовитиот пустиножител, Роман IV подигнал прекрасна трокорабна базилика во непосредна близина на неговата испосница, првата фаза од денешната црква Св. Ѓорѓи.



Црква Свети Ѓорѓи Старо Нагоричане.



**Костоперска Карпа.**
*Извор: wikimedia.org*

## КОСТОПЕРСКА КАРПА

На околу 10 км североисточно од Куманово крај патот за Крива Паланка, среде селото Младо Нагоричане се наоѓа локалитетот Базалтни Плочи и претставува единствен природен феномен од таков вид на Балканот. Овој споменик на природата се состои од 8 конусовидни, на врвот зарамнети возвишенија кои се протегаат меридијански и верижно, во должина од околу 5 км и имаат слична надморска височина од 480-505 м. Истите се остатоци од една вулканска плоча, формирана со излевање на масивна и сунѓереста базалтна лава пред околу 7-8 милиони години. Плочите со својата височина и необичен изглед доминираат над околината и освен природна, имаат и културно-археолошка вредност.

Најистакната од нив е Костоперската Карпа или Жеглиговскиот Камен, висока 80-100 м и со извонредна стратешка положба и видливост. Уште од бакарното време, на самото плато на карпата постоела повеќеслојна населба со континуиран временски и културен живот. Во ова археолошко наоѓалиште најстарите траги и пронајдоци потекнуваат од енеолитот, а откриени се и предмети од железното време. Местото изобилува со фрагменти од квалитетно изработени керамички садови, орудија од камен и коска, ситни наоди од метал, монети и накит, како и со средновековни гробови, а откриено е постоење и на ранохристијанска базилика и бедем. Од посебна важност е и загадочниот подземен објект во карпата, со своите простории, ходници и вертикални отвори за проветрување. На јужната, пострмна и назабена страна, се наоѓаат старите гробишта, поредени скалесто, со поглед кон исток.

Од некогашните 40-тина средновековни цркви, поради кои месноста била нарекувана Мала Света Гора, денес се останати само неколку, цели или наполу урнати. Во подножјето на Костоперската Карпа е црквата Св. Петка од 1682 година, а во околината се Св. Врачи, Св. Никола, Св. Ѓорѓи Победоносец, Св. Архангел и Св. Богородица.



**Визианус.**
*Извор: kumanovonews.mk*

## ВИЗИАНУС

Археолошкиот локалитет се наоѓа на многу поволна позиција, на магистралниот пат од Скопје кон Ќустендил, потоа кон Софија, Бугарија, и токму затоа жално е што Визианус долги години бил запоставен. Тој е на прометно место и помеѓу два многу посетувани ресторани „Етно село“ и „Визиана“, иако мештаните уште одамна знаеле за базилика од ранохристијанскиот период.

Во периодот од 2001 до 2004 година, Визианус го истражувале археолозите Звонимир Николовски и Блаже Ѓорѓиевски и тогаш биле откриени повеќе римски градби и гробови, како и дел од римската градба која што се смета за дел од ранохристијанската базилика долга 35 метри и широка 13 метри, по што претставува една од најголемите цркви во Македонија воопшто. Од спротивната страна на црквата се наоѓаат римски гробови, а непосредно до нив и римски град кој допрва треба да биде откопан и истражен.

## ЗЕБРЊАК

На околу 6 километри од Куманово, од десна страна на регионалниот пат кој води до Крива Паланка, низ плодните ниви доминира Спомен костурницата Зебрњак.

Се работи за триумфално спомен обележје кое е подигнато во слава и чест на загинатите српски војници во текот на Кумановската битка во Првата балканска војна во 1912 година. Се работи за контроверзен споменик бидејќи, според многумина, го глорифицира почетокот на српската власт и окупација над Вардарска Македонија. Споменикот е подигнат во 1937 година на локацијата на самата борба - ридот Зебрњак кај Куманово. Во спомен-костурницата, почиваат посмртни остатоци на 678 загинати српски борци. Спомен обележјето било масивно, кула висока речиси 49 метри што доминирала во просторот околу Куманово. Денеска споменикот е во руинирана состојба, поради тоа што бил срушен од страна на бугарските воени сили во текот на Втората светска војна.

**Зебрњак.**



# МАКЕДОНИЈА СО ЛЕТЕН РЕД НА ЛЕТАЊЕ

**Во летната сезона од Скопскиот аеродром ќе се патува до Рига како нова дестинација, а покрај редовните, ќе има и сезонски и чартер-летови до Анталија, Бодрум, Хургада, Енфида, Џерба и Монастир. До Охридскиот аеродром, пак, ќе има чартер-летови од Катовице, Варшава, Амстердам и Манчестер, а авиокомпанијата „Ер Србија“ ќе почне да лета на релација Белград – Охрид – Белград, информираат од ТАВ Македонија.**



Со летниот ред на летање што стапи во сила, одобрен од Агенцијата за цивилно воздухопловство, на Меѓународниот аеродром во Скопје во летната сезона ќе има 59 дестинации управувани од 22 авиокомпании.

Со „Виз ер“ ќе се лета до: Базел-Мулхаус, Берлин, Братислава, Бремен, Брисел Шарлроа, Будимпешта, Келн, Копенхаген, Дортмунд, Ајндховен, Франкфурт Хан, Фридрихсхафен, Гетеборг, Хамбург , Малме, Малта, Милано Малпенса, Минхен Меминген, Нирнберг, Осло Сандефјорд, Париз Бове, Рим Чампино, Салцбург, Стокхолм Скавста, Венеција Тревизо, Карлсруе Баден-Баден, Љубљана, Лондон Лутон.



**На Меѓународниот аердором во Скопје во летната сезона ќе има 59 дестинации од 22 авиокомпании.**
*Извор: popularno.mk*



# ДУРБИН

На дестинациите Атина и Сараево ќе се лета со „Ејџијан ерлајнс“, Белград со „Ер Србија“, Виена со „Аустријан ерлајнс“, Цирих со „Чаир ерлајнс“ и со Еделвајс, Загреб со „Кроација ерлајнс“, Женева со „ИзиЏет“, Варшава со ЛОТ, Франкфурт со „Луфтханза“, Истанбул (Сабиха Гокчен) и Измир со „Пегасус ерлајнс“, Анталија и Измир со „СанЕксперс“, Истанбул (IGA) со „Туркиш ерлајнс“.

***„Сезонските и чартер-летовите од Скопскиот аеродром во текот на летната сезона во 2024 година, кои најголем дел од нашите патници ги користат за посета на туристичките дестинации, ќе бидат до Анталија, Бодрум, Хургада, Енфида, Џерба и Монастир, со авиокомпаниите –‚Анадолу џет‘, ‚АМЦ Ерлајнс‘, ‚БиХ Ер‘, ‚Фрибрд‘ и ‚Новелер‘“,*** најавуваат од ТАВ Македонија. Велат дека се преговара за нови сезонски летови од Скопскиот аеродром. Од ТАВ Македонија посочуваат дека работат на привлекување нови авиокомпании за да започнат со сообраќање до нови атрактивни дестинации. Истакнуваат дека она што може да се најави во овој момент е очекувањето „Ејџијан Ерлајнс“ да воведе нови сезонски летови од Скопскиот аеродром како сезонска авиолинија до грчки остров.




**Од ТАВ најавуваат нови атрактивни дестинации.**
*Извор: ladderpoint.com*





КАЈСТОРОВСКА:

# // СЕКОЈ АТОМ ВО МЕНЕ Е ПРОТКАЕН ОД ЖЕЛБАТА ЗА ЛЕТАЊЕ И ДОСТИГНУВАЊЕ НОВИ ВИСОЧИНИ

*,,Летањето бара посветеност, понекогаш и откажување од многу работи. Многу време поминато далеку од дома, далеку од луѓето кои ги сакам, живот по хотелски соби и изнајмени станови. Јас сум задоволна и исполнета, секој атом во мене е проткаен од желбата за летање и достигнување нови височини“*, вели во ексклузивно интервју

# ИДНИНА

## Наши алумни: Катерина Кајсторовска, единствената жена капетан, пилот и инструктор на Боинг 737 во Македонија



Катерина Кајсторовска е единствената жена капетан, пилот и инструктор на Боинг 737 во Македонија.



за Магазинот за туризам и менаџмент, Катерина Кајсторовска. За успехот во нејзината професија вели дека се клучни дисциплината, упорноста, менталната снага, понекогаш и способноста за брзо снаоѓање во различни и непредвидливи ситуации. Освен работата како пилот, таа е и магистер по човечки ресурси на Универзитетот Скопје.




**Кајсторовска:** „Најголемата поддршка во животот од првиот ден до денеска ми е мојот татко."

**Катерина Кајсторовска е единствената жена капетан, пилот и инструктор на Боинг 737 во Македонија. Што е потребно да се биде жена-пилот на Балканот, храброст или упорност? Што беше пресудно да се одлучите за оваа професија?**

Жена-пилот на Балканот е посебен сој жена. Таа е амазонка, упорна во типично машка професија, индивидуалец кој во себе носи желба што се граничи со невозможното, а таа желба е да се освои небото што нема граница. Јас тука немав компромис, професијата си ја одбрав уште во раното детство, кога пробав да скокнам со чадор од тераса, за среќа – неуспешно.

**Кој беше вашиот прв самостоен лет и можете ли да ни ги откриете тогашните впечатоци?**

Мојот прв самостоен лет е на 17 јули 1990 година во Вршац, на мал едномоторен авион тип Цесна 172. Инструкторот што ми беше одреден за тој ден, не ми рече ништо на брифингот пред летот. На вообичаен тренинг летаме 5 школски круга. По два школски круга, ми рече – одиме на платформа и паркирај го авионот тука. Во ред, така и направив. Во глава ми најдојдоа милион мисли: зошто сега да паркирам, нели требаше пет круга да летаме?

Тој почна да излегува од авион, го закопча појасот на своето седиште и само ми рече – ајде сега ова исто, само сега одиш сама. На 15 години сама да управувам со авион е чувство најблиску до еуфорија, јас така го опишувам. Со солзи радосници стигнав до првата скала, се смеев, бев црвена како булка во лицето од возбудата што ме обзеде во тој момент.

**Вие ги разбивте стереотипите и во земјава и во регионот. Колку имавте поддршка од блиските, но и на какви предрасуди наидовте во општеството?**

Кога почнував јас, беше чудно жена да управува со авион. Но, полека, стереотипите се разбиваа. Најголемата поддршка во животот од првиот ден до денеска ми е мојот татко, кој секогаш ми е ветер во грб и ме подржува во моите одлуки.

**Која е вашата највозбудлива случка во височините?**

Сега ме ставивте на голема мисла. Случки имало многу, навистина многу. Се случи на лет од островот Крит, Хераклион кон Белград. Дојдовме вообичаено на подготовка за лет и полетавме кон Белград. Контролата за летање во Атина, нè праша дали сакаме да



Кајсторовска: „Откажувања имало многу и уште има.“.

слетаме во Солун. Се зачудивме зошто не прашуваат, зашто нашиот лет е за Белград. Тие ни одговорија дека аеродромот во Белград е затворен. Сите контроли на летање нè прашуваа попатно дали сакаме да слетаме, со истиот одговор дека аеродромот во Белград е затворен. Дојдовме и до контролата надлежна за Белград, и тие ни рекоа дека во текот на ноќта имале инцидент со авион што на слетување останал на пистата и не можеле да го тргнат. Ни рекоа дека ќе потрае. Влеговме во патеката за чекање над Ваљево и вртевме во неа околу 40 минути. Имавме среќа што мојата интуиција ми наложи тоа утро да земеме повеќе гориво од вообичаеното, а ни беше дозволено и од компанијата за која што летавме од Грција бидејќи се одржуваше светско првенство во фудбал. Дојде и време да одлучиме дали ќе чекаме уште или ќе одиме на алтернативен аеродром. Имавме четири минути за одлука. Одлучивме ако не ни дозволат да слетаме за тие четири минути, да одиме директно за Софија. Среќа, во тој момент контролата ни јави дека инспекцијата поминала и дека го отвораат Белград. Слетавме во Белград и дознавме дека таму нè чека кошаркарската репрезентација на Србија. Со мало задоцнување стигнавме навреме за да се одигра квалификациски меч помеѓу Србија и Грција.

**Летањето бара посветеност, понекогаш и откажување од многу работи. Вредеше ли целата жртва што ја дадовте за оваа професија?**

Откажувања имало многу и уште има. Слободното време да го посветиш на учење од една страна, работење две работи – дење стјуардеса, ноќе крупие во касино – за да соберам пари за часови по летање во

> *Знаењето стекнато на Универзитет Скопје ми беше надополнување на професијата, во делот на светското културно наследство моите патувања беа збогатени со тоа знаење. Како на инструктор во авијација, менаџирањето на човечките ресурси ми е од есенцијална важност. Академскиот кадар на УТМС ми излегуваше пресрет кога ќе се случеше да ми се поклопат работните обврски со некој колоквиум или испит. Максимално ангажирани и кооперативни, за секоја пофалба. Голема благодарност до целокупниот академски кадар на УТМС.*



најголемите финансиски кризи во регионот. Многу време поминато далеку од дома, далеку од луѓето кои ги сакам, живот по хотелски соби и изнајмени станови. Јас сум задоволна и исполнета, секој атом од мене е проткаен од желбата за летање и достигнување нови височини.

**Кои карактеристики се најважни за да биде една личност успешна во оваа професија?**

Карактеристики и вештини што се важни и кои се користат во оваа професија има многу, ги користам и ги усовршувам секоја на свој начин. Но, би ги издвоила дисциплината, упорноста, менталната сила, фокусот, тврдоглавоста понекогаш, способност за брзо снаоѓање во различни и непредвидливи ситуации. Тој пат за мене претставувал пат на личен развој, како на професионално поле, така и на ментално поле, а и на енергетско поле. Гледано од оваа перспектива, јас сум мирна и благодарна за шансата да докажам пред себе и пред другите дека детските соништа се остваруваат.

**Освен работата како пилот, вие постојано се усовршувате. Академски сте и менаџер на човечки ресурси на УТМС. Колку сте задоволни од стекнатата знаење и од академскиот кадар?**

Знаењето стекнато на Универзитетот Скопје ми беше надополнување  на професијата во делот на светското културно наследство, моите патувања беа збогатени со тоа знаење. Како инструктор во авијација, менаџирањето на човечките ресурси е од есенцијална важност. Академскиот кадар на УТМС ми излегуваше пресрет кога ќе се случеше да ми се поклопат работните обврски со некој колоквиум или испит. Максимално ангажирани и кооперативни, за секоја пофалба. Голема благодарност до целокупниот академски кадар на УТМС.






**Што би им препорачале на младите и на идните генерации кога треба да се одлучат за животната професија?**

Мислам дека најголема инспирација е тоа да покажете некому дека може сè да се оствари, секоја замисла, дури и најлудите соништа ако се верува во себе. Живееме во време кога се рушат предрасудите во поделбата на улогите на половите, поделбата на машки и женски професии. Ова не се однесува само на оваа професија бидејќи и реакцијата на машките е иста. Некогаш и тие сонуваат да летаат, но не се во можност да си го исполнат сонот, па кога ќе стигнале на целта, се радуваат како мали деца. Изборот на професијата влијае на целокупниот развој и животен пат. Затоа е исклучително важно да ве исполнува и да ве носи надвор од сите потсвесни програмирања, во слободата на постоењето на секое ниво.

**Кои се вашите идни планови поврзани со професионалната кариера?**

Креативноста во постоењето постојано ги менува желбите, но во основа се сметам за среќна и исполнета. Се надевам само да го задржам курсот на кој ќе бидам здрава, самостојна, да можам да им одговарам успешно на сите свои желби и предизвици. Верувам дека успехот е во пронаоѓањето личен баланс во битисувањето.

**Приватно останува малку време, но што ве исполнува?**

Приватното време го користам за патувања во приватна режија. Претходно си бирам дестинација, се едуцирам за традицијата и историјата на таа земја и почнувам да ја освојувам. Возам велосипед и пешачам за да останам во добра психофизичка форма, сакам дружба со пријателите што сите овие години останаа покрај мене без оглед на физичката оддалеченост.



БОМГАРТНЕР:

Бомгартнер: „Еден од главните предизвици за ЕУ ќе биде да се реформира за да биде уште поефикасна и да се подготви да ги прими своите нови членки, како што е Македонија."

**Франција, земја во Западна Европа во која се наоѓа една од најпривлечните светски метрополи – Париз. Најголемо внимание привлекува железната кула, наречена Ајфелова кула според архитектот што ја изградил, висока 300 метри. На неа работеле триста работници, кои составиле 18.038 парчиња чисто железо. Оваа креација во Париз изградена во 1889 година е една од најпрепознатливите симболи во светот. Токму од оваа земја во Македонија доаѓа амбасадорот на Француската Република Сирил Бомгартнер. Тој во своето долгогодишно искуство извршувал повеќе функции, а една од нив е заменик-генерален секретар за европски прашања во Кеј Д'Орсеј. Претходно бил и прв советник во амбасадата на Франција во Бугарија. Функцијата амбасадор во нашата**

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД
## Интервју со амбасадорот на Француската Република, Н.Е. Сирил Бомгартнер

## "КОГА ЌЕ ЈА НАПУШТИТЕ МАКЕДОНИЈА, ЕДЕН ДЕЛ ОД НЕА ОСТАНУВА ВО ВАС



земја ја извршува од 2020 година. За Македонија ќе раскаже многу. Им се восхитува на историјата и културата, но ќе ја опише и со само еден збор „привлечна".

„Спомeникот на Чемерски во Паркот на мирот во Кочани, Македониумот во Крушево, фреските на Лазески во Домот на културата во Прилеп. Можам да наведам уште многу примери. Македонците би можеле да бидат многу повеќе свесни и уште повеќе горди на исклучителното богатство на ова наследство, плод на работата и генијот на нивните непосредни современици, без да се враќаат во далечната историја, а чиј интерес може широко да ги надмине границите", вели амбасадорот Бомгартнер во своето интервју за Магазинот за туризам и менаџмент.

**Светот се соочува со повеќе кризи. Војните на повеќе фронтови направија сериозна штета врз компаниите, изворите на енергенси се намалија, а со тоа стана помала и куповната моќ. Во некои од земјите гладот се зголемува. Кои се вашите проекции за светската економија до крајот на годината? Дали очекувате промени?**

Најрелевантните проекции за глобалниот раст доаѓаат од големите финансиски и економски институции. За 2024 година, се очекува дека растот ќе биде генерално под нивоата пред кризата со Ковид-19, со големи разлики меѓу регионите и земјите во светот. Вистина е дека има, а тоа е уште поизразено отколку порано, големи неизвесности во поглед на веродостојноста на секоја проекција, во еден свет што во многу аспекти стана понестабилен и самиот понеизвесен. Во тој контекст, влогот е во градењето поотпорни економски модели, со приспособување кон предизвиците што ни се наметнуваат и со обид да ги предвидиме идните кризи, иако е многу полесно ова да се каже отколку да се направи! За да поедноставиме, можеме да идентификуваме два вида предизвици во тој поглед. Внатрешен предизвик, кој има за цел да го зајакне својот економски модел во однос на сопствената состојба, како на пример својата демографија, продуктивност и регионална и меѓународна конкурентност, своите макроекономски основи, и надворешен предизвик, кој се состои во приспособување кон глобалните или трансверзални предизвици: енергетски и дигитални транзиции, капацитетот за иновации во новите клучни области, но и за европските земји, особено враќањето на војната што ја потврдува итната потреба за спроведување на автентична агенда за суверенитетот на ЕУ.

**Ова ќе биде изборна година. Покрај Македонија, избори ќе има во регионот, но и во Европскиот парламент. Колку ќе бидат важни овие избори во Европа за надворешната политика кон другите земји?**

Оваа 2024 година навистина ќе биде обележана со многубројни изборни процеси, овде во Македонија, во Европскиот парламент и во САД, па и во многу други земји! Верувам дека на глобално ниво, околу половина од планетата треба да биде опфатена со избори во годината што следува! Изборите за Европскиот парламент претставуваат голем демократски момент. 427 милиони избирачи ќе бидат повикани да гласаат за системот што е меѓу првите, ако не и најдемократскиот во светот. Предизвиците се од суштинско значење. Од една страна, затоа што откако се применува принципот на директен избор на европратениците од 1979 година, и во согласност со последователните промени на европските договори, Европскиот парламент не престана да го зголемува своето влијание во европскиот институционален триаголник, до таа мера што денес тој е сосема рамноправен казаконодавец. А од друга страна, затоа што во денешниот свет, кој е понестабилен и под закана, Европската Унија мора да продолжи да се афирмира во целосна самостојност, вклучително и на меѓународната сцена, затоа што со својата големина, своите демократски вредности и со своето здружено влијание, таа игра единствена улога во стабилизацијата, мирот и во глобалниот просперитет. Во наредниот мандат, еден од главните предизвици за ЕУ ќе биде да се реформира за да биде уште поефикасна и да се подготви да ги прими своите нови членки, како што е Македонија, кои веќе имаат место што ги чека. Имаме голема среќа што живееме во демократски општества каде што секој глас се брои и дава можност за избор; затоа е толку важно да го оствариме своето право и да излеземе на гласање. Македонија и Франција имаат заедничка историја. Околу цел век нашите народи се бореле рамо




Бомгартнер: „Овој договор беше критикуван и ние самите признаваме дека не е совршен бидејќи по дефиниција, се работи за компромис.“



до рамо на македонскиот фронт. Франција често била присутна во големите моменти од современата македонска историја: за време на светските конфликти за што денес сведочат француските гробишта во Битола и во Скопје, во моментот на стекнувањето на независноста со работата на Бадентеровата комисија помеѓу 1991 и 1993 година, при потпишувањето на Охридскиот рамковен договор со специјалните претставници на ЕУ Леотар и Ле Роа, а потоа и личниот придонес на Р. Бадентер за ревизија на Уставот.

Пред две години, мојата земја повторно одигра водечка улога, како претседавач со Советот на ЕУ, за да ги отвори европските перспективи на вашата земја. Овој договор беше критикуван и ние самите признаваме дека не е совршен бидејќи, по дефиниција, се работи за компромис. Но, дрвото не треба да ја скрие шумата. Овој договор го почитува и го чува македонскиот идентитет, особено во поглед на признавањето на македонскиот јазик, кој треба да стане нов официјален јазик на ЕУ. Овој договор овозможи да започнат преговорите за членство и да се отпочне и успешно да се спроведе процес на скрининг, чиј квалитет беше едногласно признаен. Ова е резултат што се очекуваше повеќе од петнаесет години. И сега преостанува уште еден чекор, а тоа е ревизија на Уставот во согласност со македонско-бугарскиот протокол. Македонскиот Парламент, со целосен суверенитет, треба да одлучи кога ќе биде тоа направено. Целата ЕУ, нејзините институции и државите-членки ве поддржуваат во овој процес бидејќи тоа е она што конечно ќе нѐ обедини, и сите ние се надеваме дека тоа ќе се случи што е можно побрзо.

**Март е месец на франкофонија. Зошто се слави токму во овој месец?**

Агенцијата за културна и техничка соработка, претходник на Меѓународната организација на франкофонијата, е создадена на вториот Самит на франкофонијата, одржан во Нијамеј на 20 март 1970 година. Оттогаш, овој 20 март во светот се слави како Меѓународен ден на франкофонијата. Имајќи многу богата програма, одлучивме да ја одбележиме франкофонијата во текот на целиот месец март, месецот на пролетта. Тоа е една заедница на вредности. Интересно е што не се работи само за францускиот јазик. Тука се почитуваат и другите јазици.

**Колку години постои славењето на оваа традиција и каде сè во светот се одбележува?**

Франкофонијата е, пред сè, заедница со над 320 милиони луѓе што го споделуваат францускиот јазик на петте континенти. Францускиот јазик е јазик на културата и на уметноста, но и јазик на правото и на бизнисот. Зборувањето француски јазик е клуч за пристап до франкофонските пазари. Во рамките на Европската Унија, сите јазици на државите-членки се признаени. Ова е случај и со македонскиот јазик, кој треба да стане еден од новите официјални јазици, што е можно побрзо, кога ќе стане земјата дел од ЕУ. Но, францускиот има посебен статус како работен јазик во Унијата. За вашата земја, ова ќе создаде многу можности за вработување, во смисла на толкување, преведување, правно и техничко советување. Франкофонијата е, исто така, меѓународна организација во која членуваат близу 90 земји и организации. Ќе потсетам дека Македонија е дел од неа од 2006 година. Македонија е активен член во овој простор и тоа е нормално, бидејќи и денес една третина од учениците учат француски јазик во јавниот образовен систем. Амбасадата и Францускиот институт силно ги поддржуваат училиштата и во голем број од нив се изучува францускиот јазик насекаде во земјата, во тесна соработка со Министерството за образование и наука и со општините. Франкофонијата се одбележува во различни облици во земјите-членки на Меѓународната организација на Франкофонијата веќе со децении.

**Во Македонија, франкофонијата се прославува од 1998 година. Како се одбележува во Франција?**

Покрај прославата, би сакал да најавам дека Франција ќе биде домаќин на следниот Самит на франкофонијата. Овој самит ќе се одржи во Меѓународниот град на францускиот јазик во Вилер-Котре, на 4 и 5 октомври 2024 година. Тоа ќе биде првиот самит во Франција по 33 години. Тоа ќе биде нашиот придонес. Целта на овој самит ќе биде да му се даде нов импулс на образованието, што го правиме секојдневно овде во Македонија, и да се промовира отворена повеќејазична франкофонија со почитување на нејзините основни вредности. Нашите две земји заедно се дел од ова големо семејство на франкофонијата, па Македонија секако ќе биде поканета на следниот самит. На маргините на овој Самит, од 20 март 2024 година, Франција организира голем фестивал на франкофонијата насловен „Повторно да го изградиме светот". Овој фестивал ќе има за цел да промовира отворена и плурална франкофонија меѓу нашите француски сограѓани и ќе ги покани да ги откријат франкофонските општества и култури.
За секоја земја од особено значење се културните наследства. Тие се непроценливо богатство.

**Дали се почитува историјата доволно во Македонија?**

Наследството е своевидна трага на историјата во светот. Да не заборавиме дека македонското наследство е особено драгоцено, и тоа не е само културно, туку и природно. Тоа е причината зошто во последните години постепено ја пренасочуваме нашата соработка за да дадеме конкретен придонес во зачувувањето на ова наследство во сите негови форми. Во областа на животната средина, од минатиот септември имаме француски експерт што работи во македонската администрација за да обезбеди експертиза, да советува и да помогне да се зајакнат постојните административни капацитети. На економски план, француските компании спроведуваат големи инвестициски проекти за развој на нови решенија за обновлива енергија, што ќе има значително позитивно влијание врз квалитетот на животната средина во земјата. Паралелно, ги зголемуваме активностите од областа на културното наследство:




**Бомгартнер: „Самитот на франкофонијата ќе се одржи во меѓународниот град на францускиот јазик, во Вилер-Котре, на 4 и 5 октомври 2024 година.“**



покренавме соработка со Министерството за култура на Македонија во областа на зачувувањето и реставрацијата на фреските во црквите од византискиот период, иконите изработени на дрво и старословенските ракописи, соработка што се развива со помош на европски фондови. Сметам дека може да одиме уште подалеку и дека постои цела димензија на македонското културно наследство што е непозната и заслужува многу подобро да биде промовирана, со незанемарлив потенцијал за туристичка атрактивност. Мислам на современата македонска уметност, која е од голема вредност и која, во многу градови во земјата, поседува споменици што се од уникатен интерес. Спомеников на Чемерски во Паркот на мирот во Кочани, Македониумот во Крушево, фреските на Лазески во Домот на културата во Прилеп. Можам да наведам уште многу примери. Македонците би можеле да бидат многу повеќе свесни и уште повеќе горди на исклучителното богатство на ова наследство, плод на работата и генијот на нивните непосредни современици, без да се враќаат во далечната историја, а чиј интерес може широко да ги надмине границите.

**Ова лето Париз ќе биде центар на светот, домаќин на Олимписките игри. Што ќе понуди Франција различно од другите метрополи?**

Рокот се приближува. До отворањето остануваат помалку од пет месеци, ги почитуваме роковите, го почитуваме нашиот буџет. Подготвени сме да ги организираме овие игри во најдобри услови, комфор и безбедност. Меѓународниот олимписки комитет го потврдува овој одличен степен на подготовка, но всушност ние немаме избор. Овие игри ќе донесат 16 милиони посетители и не можеме да си дозволиме да оставиме простор за импровизација. Уверен сум дека Франција ќе понуди исклучителни и поинакви игри од претходните изданија поради предизвиците и оригиналните предлози за Париз 2024 година. Овие предлози се конципирани околу три столба. Првиот е прославата, кога за прв пат церемонијата на отворање ќе се одржи надвор од Олимпискиот стадион: на брегот




Бомгартнер: „Носителите на медалите ќе имаат можност да си заминат со парче од Ајфеловата кула вградено во нив."

на Сена за Олимпијадата и на Плоштадот Конкорд за Параолимпијадата. Париз секако ќе биде во центарот на светот, но за овие Олимписки игри и други француски области ќе бидат мобилизирани да ги организираат натпреварите: 5 други француски града и Тахити. Носителите на медалите ќе имаат можност да си заминат со парче од Ајфеловата кула вградено во нив. Вториот столб е наследството. Овие игри ќе остават траен печат, особено во главниот град, со Сена во која ќе можеме повторно да пливаме, со подобрената јавна транспортна мрежа и значително проширениот фонд на социјални станови, а да не зборуваме за позитивното влијание врз спортските објекти. На крајот, третиот столб е посветеноста. Сакам да нагласам дека и овде, на свој начин, учествуваме во подготовката на Олимписките и на Параолимписките игри, во соработка со Олимпискиот комитет на Северна Македонија: преку промовирање на жените-спортистки од Северна Македонија, преку изложба на фотографии што им ја посветивме. Целта е да се поттикнат младите девојки да спортуваат имајќи предвид дека игрите во Париз 2024 година ќе бидат првите во историјата целосно засновани на родовата рамноправност.

**Дали Ве посетуваат често вашите пријатели во Скопје и како ја раскажувате Македонија?**

Моите пријатели, а уште повеќе членовите на нашето семејство, сите доаѓаа да нè посетат во текот на овие четири години: родителите, браќата и сестрите, децата, нашите чичковци и тетки... За мене, во секој случај, иако не сум сигурен дека тоа е сосема објективно, најсоодветната придавка за да се опише оваа земја е „привлечна". Кога ќе ја напуштите, еден дел од неа останува во вас.

**Кое место во оваа мала земја ќе Ви остане секогаш во памтењето?**

Сè уште е рано да знам, но има многу места што ме воодушевиле. Она што можам да ви кажам е дека моето последно омилено место е Љубанци, каде што во последните недели, неколку пати одевме со семејството за време на викендите. Селото е едноставно и автентично со голем број извонредни традиционални градби, прекрасни пејзажи и бои, исклучителен мир на самиот влез на престолнината, со добронамерни жители што оставаат впечаток дека се исполнети со спокој и среќа.


The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation


The UNWTO certifies that:

University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

**Tourism 1st cycle**

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy







# КАКО СЕ СЛАВИ ВЕЛИКДЕН ВО МАКЕДОНИЈА, А КАКО ВО СВЕТОТ?

**Еден од најубавите празници, вака ќе ви одговорат граѓаните ако ги прашате за најголемиот, но и најстариот христијански празник, денот на Христовото воскресение – Великден.**

Граѓаните постат, ги спремаат домовите, задолжително се вапцаат јајца, се посетуваат црквите, се спремаат гозби – ова се главните активности пред и за време на Великден.

Иако во последно време поради слободните денови станува помодарство за време на великденските празници да се оди на дестинации низ светот, сепак, за најголем дел од православните граѓани вистинското славје е во домот со најблиските.

Празникот на воскреснувањето на Господ Исус Христос се слави секоја година во различно време и е еден од т.н. подвижни празници. За датумот на Великден се зема првата недела по полна месечина на ден на пролетната рамнодневица или веднаш по неа. Кај припадниците на православната вера, Великден секоја година паѓа во период од 4 април до 8 мај.

Главното обележување на Великден се вапцани јајца. Порано се бојадисувале само црвени јајца, а се верува дека овој обичај потекнува од Марија Магдалена, која според Библијата, однела јајца обоени во црвена боја пред тогашниот римски цар Тибериј кога се дознало дека Христос воскреснал. Иако Велики петок е најтажниот ден за сите христијани во светот, Великден веднаш по Божик се смета за најрадосен христијански празник.

# КОМПАРАЦИЈА

На ден Великден, како и на великденскиот понеделник и вторник, ко се по него, православните христијани во светот се поздравуваат со **„Христос воскресе“** и се одговара со **„Ваистина воскресе“.**

Христијаните им се радуваат на Великденските обичаи, а посебно децата. Во разни делови на земјата важат различни обичаи. Па така, некој вапца јајца на Велики четврток или, пак, на Велика сабота. Некои ги вапцаат јајцата само во црвена боја или со кромид, а некои ги шараат на најразлични можни начини. За вапцање на јајцата е задолжена домаќинката на куќата, која во зависност од навиките, ги бојадисува сама или со децата. Во многу краишта, таа прво се прекрстува, му се помолува на Бога, а потоа во тенџере во кое се варат великденските јајца истура малку светена вода, и тоа главно таа што е светена во текот на великденскиот пост. Според обичајот, првото јајце се вапца со црвена боја и се смета за чувар на куќата. Тоа се чува сѐ до следната година. Во некои краишта, ланското јајце чувар на куќата се става кај стоката, додека во некои се затрупува во мравјалник.

Според некои верувања, црвената боја ја означува божествената природа, додека сината ја означува човековата. Затоа, во некои краеви јајцата се вапцаат во овие две бои. Но, во последно време креативноста при вапцањето јајца е толку голема што и на социјалните мрежи можеме да видиме исклучително интересно бојадисани јајца со различни бои и дизајни.

Во текот на Велика сабота, домаќинките главно подготвуваат храна за Великден. Децата се бањаат со вапцани јајца, а за денот Великден се станува порано и се легнува навечер порано. Домаќинката подготвува вода за миење на семејството во која се става чуварот на куќата, дрен, босилек и здравец.

Во многу места, обичај е секој од домашните да присуствува на Великденската литургија, а по враќањето дома да се омрси прво со великденски јајца. Сите од семејството се кршат со вапцани јајца, при што се води сметка за избор на јајцето бидејќи во некои куќи се води сметка за победникот.

Ако се паѓа Великден во време пред уште некој голем православен празник, на пример Ѓурѓовден, тогаш во некои краишта за Великден не се јаде јагнешко месо.

За Великден се меси погача, која се украсува со плетенки и во која се прават вдлабнатини, а во кои се ставаат великденски јајца. И овој обичај варира од место до место, па некаде се месат повеќе плетени погачи, кои потоа се разменуваат со пријателите.

За децата во некои краишта се криjат колачи и јајца во домот и во дворот, а тие почнуваат да ги бараат веднаш по великденскиот појадок.

Во градските средини се украсува домот со разни нови украси како пластични јајца и разни декорации што денес можат да се купат во специјални продавници. Во селските средини куќата се украсува пред сѐ со цвеќе.

## ДАЛИ СТЕ СЕ ЗАПРАШАЛЕ НЕКОГАШ КАКО СЕ СЛАВИ ВЕЛИКДЕН ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ?

Празникот се одбележува на нешто поинаков начин и обично на различни датуми кај православните, католиците и протестантите. Великден се прославува на различни начини во различни делови од светот, но сите верници го празнуваат денот на Христосовото воскресение, славејќи ги здравјето, среќата, спокојот во семејството на свој начин.



**Великден во Шпанија.**
*Извор: Theolivepress.es*

## ВЕЛИКДЕН ВО ШПАНИЈА

Познат во Шпанија како Семана санта, или Света недела, Великден се празнува цели седум дена на Пиринејскиот Полуостров.

Прославите започнуваат во текот на последната недела од Великиот пост и е обележана со огромни и сложени верски поворки во речиси секој град и село низ целата земја.

Луѓето парадираат низ улиците во костими или во наметки со качулка, се прикажуваат различни сцени од Библијата, а честопати се придружени со музика во живо. Некои од најпознатите се случуваат во Замора, Ваљадолид, Севиља и Гранада. За јадење се подготвуваат торија (слично на францускиот тост), пестиња и колачи, кои се популарни во ова време.





**Лов на великденски јајца во Франција.**
*Извор: sortiraparis.com*

## ВЕЛИКДЕН ВО ФРАНЦИЈА

Слично како во Шпанија, многу од француските великденски обичаи потекнуваат од католичката традиција и како таков, празникот обично е религиозна работа. Една таква традиција налага црковните ѕвона да престанат да бијат околу Великден како знак на почит кон смртта на Исус. Откако во недела ќе почнат да бијат камбаните, започнува ловот на великденските јајца – или **„chasse aux oeufs“**.

## ФРАНЦУСКО ВЕЛИКДЕНСКО УТРО

Француските деца имаат лов на великденски јајца наутро на великденската недела. Јајцата се обично чоколадни, а Французите играат игри и со сирови јајца на Великден. Постојат неколку великденски игри, како што се натпревари во фрлање и фаќање јајца. Победник е тој што може најдолго да го фрла и да го фаќа јајцето без да го скрши. Друга игра со сурови јајца потекнува од католичката традиција во Франција. Во оваа игра, децата земаат по едно сурово јајце и го тркалаат по рид (симулирајќи го каменот што се тркала од гробот на Исус). Во оваа симболична игра, детето чие јајце патува најдалеку без да се скрши е победник.

Традиционалната храна се врти околу јагнешкото месо, сирењето, компирот и чоколадото. Французите, сепак, како што




**Гигантски омлет - француска традиција за Велигден.**
*Извор: Time.com*

би очекувале, имаат и свои индивидуални великденски традиции. Можеби не е изненадување што со оглед на очигледните кулинарски таленти на Франција, многу од великденските традиции вклучуваат и храна. Во градот Безје, илјадници луѓе се собираат во понеделник наутро за да направат огромен омлет, кој обично се состои од 15.000 јајца и 40 готвачи.

Великден е важен празник во Франција и има многу традиции што одат со него, па затоа, не заборавајте да им посакате на сите ваши пријатели и колеги ентузијастички „Joyeuses Pâques“ (Среќен Великден)!

## ВЕЛИКДЕН ВО ГЕРМАНИЈА

Велики петок и Великденски понеделник се државни празници во Германија, кои се слават со палење огнови околу зајдисонце на Велика Сабота.

Некои места го претворија „osterfeuer“ (великденскиот оган) во мини фестивали со штандови, на кои се продаваат колбаси и вино, а други заедници ставаат огромни бали слама во дрвено тркало, го запалуваат и го спуштаат по ридот.

Други традиции вклучуваат украсување на „великденско дрво“ со рачно насликани јајца. Обично, семејствата ги закачуваат украсите на мало дрво во домаќинството, но може да ги обесат и на поголемо зеленило во градината.

Исто така, во Германија е традиционално да се јаде нешто зелено на Велики четврток, кој се нарекува и „зелен четврток“. Зачинет сладок леб збогатен со јајца и млечни производи и ишаран со бадеми и зашеќерено суво грозје се исто така популарни за време на Великден за појадок и за попладневниот чај.

**Великден во Германија, традиција на палење огнови.**
*Извор: Дојче Веле*





**Великден во Италија, базилика „Свети Петар“.**
*Извор: romewise.com*

## ВЕЛИКДЕН ВО ИТАЛИЈА

Не е изненадувачки папата ги води прославите на Великден во Италија, одржувајќи огромна миса на Велики петок во базиликата Свети Петар, каде што се слави Виа-крстот, или Станицата на крстот. За време на мисата, на ноќното небо се подига огромно распетие направено од запалени факели.

Во Фиренца, великденската недела се одбележува со „Scoppio del Carro“, преведено како „експлозија“ или „експлозија на автомобилот“. Тоа е фасцинантен обичај стар со векови што се спроведува секоја година. Овој уникатен обичај влече корени од средниот век и стана важен културен настан во градот Фиренца.

На друго место во Италија, во текот на трите дена, се одржуваат верски поворки во кои луѓето се облекуваат во антички костими и парадираат со артефакти, статуи и маслинови гранки низ главните плоштади.

Едно од најпопуларните јадења на полуостровот во овој период е „Colomba di Pasqua“, традиционална торта што е слична на панетоне.

## ВЕЛИКДЕН ВО ФИНСКА И ШВЕДСКА

Во вековниот народен ритуал што изгледа неверојатно слично на Ноќта на вештерките, децата и во Финска и во Шведска се облекуваат како великденски вештерки (påsk-kärring) и одат од врата до врата во своите маала со надеж дека ќе добијат чоколадо.

Младите носат украсени шамии, ги бојадисуваат лицата и носат гроздови украсени врбови гранчиња, слики и цртежи што ги заменуваат за слатки задоволства.

## ВЕЛИКДЕН ВО ПОЛСКА, УКРАИНА, УНГАРИЈА, ЧЕШКА И СЛОВАЧКА

Низ Централна и Источна Европа постои древна традиција според која луѓето се обидуваат да се полијат меѓусебно со кофи со вода. Обично, мажите ги поливаат жените во понеделник на Великден.

Познат како „Smigus-dyngus“ (влажен понеделник), ритуалот наводно се базира на плодноста на жените, при што водата има ефект на чистење во обид да бидат здрави за претстојната пролет.

Во Унгарија учесниците често се облекуваат во народни носии, а мажите ги полеваат жените со кофи со вода или парфем. Во Полска, традиционално жените се полеваат, но денес тоа стана повеќе водена борба низ целата земја. По полевањето, обично жените им обезбедуваат на мажите храна и алкохол. Друга великденска традиција во овие



**Полевање со вода - унгарска традиција за Велигден.**
*Извор: Time.com*

земји е мажите да ги камшикуваат жените со специјален рачно изработен камшик направен од врба и украсен со панделки. Не е наменет да биде болен и наводно им помага на жените да ја задржат својата младост, здравје и плодност во текот на целата година.

## ВЕЛИКДЕН НА ФИЛИПИНИТЕ

Побожните католици на Филипините се пријавуваат доброволно да бидат „распнати“ на Велики петок за да го репризираат страдањето на Исус, во особено грозоморна практика што е осудена од црквата.

Илјадници луѓе ја гледаат реконструкцијата, позната како „Сан Педро Кутуд“, во провинцијата Пампанга, во која верниците се приковани на крстови за да се искупат за своите гревови или за да се молат за другите.

Покајниците доброволно сакаат да имаат клинци долги два инча во нивните дланки и стапала. Тие се симнуваат од крстот штом ќе почувствуваат искупување на своите гревови.



**Великден во Филипини.**

## ВЕЛИКДЕН НА БЕРМУДИ

Како што би очекувале од тропски остров, Великден на Бермудите е многу порелаксиран и многу потопол отколку што е за нас во Европа. Затоа овде луѓето од сите возрасти сакаат да го слават Велики петок на плажа, каде што летаат и специјални домашни и купени змејови.

Змејовите наводно го претставуваат Христовото воскресение и доаѓаат во сите облици, бои и големини. Некои се толку големи што бараат неколку луѓе за да ги пренесат во воздухот. Заедно со летањето змејови, тие уживаат во јадењето рибни колачи и топли крос-лепчиња во овој период од годината.

**Великден на Бермуди.**
*Извор: Инстаграм*





**Великден во Грција.**
*Извор: greecetravelsecrets.com*

## ВЕЛИКДЕН ВО ГРЦИЈА

Грција и побожноста одат рака под рака. Овде Великден е најсветиот празник во годината, обележан со цела недела празнување. Во Атина, Велики петок го означува првиот главен настан, каде што репликата на Христовиот гроб се носи низ градот. Најсветите великденски настани се случуваат следниот ден, кога луѓето се собираат во црквите на полноќ носејќи незапалени свеќи за да го прогласат Христовото воскресение. По напорниот 40-дневен пост, менито вклучува печено јагнешко месо и многу обоени јајца.

## ВЕЛИКДЕН НА КРФ Е УНИКАТНО ИСКУСТВО!

Великден на Крф е како никаде на друго место, огромен верски празник и најважен во Грчката православна црква. Меѓутоа, Великден на Крф добива сосема поинакво значење. Ако сакате навистина да го почувствувате, треба да го посетите Крф. Секоја година привлекува илјадници луѓе од Грција и од странство. Секој сака да го доживее овој голем наплив од емоции за време на Страсната седмица.

## ЦРВЕНАТА ФИЛХАРМОНИЈА НА КРФ

Светата недела започнува на Цветници. Литијата започнува во црквата „Свети Спиридон“. Се одржува секоја година без исклучок од 1630 година. Еден од главните моменти на овој ден е учеството на градската филхармонија, инаку позната по „дувачки оркестри“. Не се само еден или два од овие бендови, туку вкупно 18!

**Црвената филхармонија на Крф.**
*Извор: news.gtp.gr*



## ДОБАР ПОНЕДЕЛНИК

Започнува традиционалното Великденско готвење. Меѓу многуте локални деликатеси, се чувствува мирисот на „фојаца“. Ова е традиционален сладок леб со црвено јајце. „Мандолато“ е исто така популарно јадење за време на Великден.

## ВЕЛИКИ ВТОРНИК

Се посетува градската црква за да се слушне за приказната за „Марија Магдалена“. Овие богослужби се одржуваат во попладневните часови.

## ВЕЛИКИ ЧЕТВРТОК

Ова е денот кога се бојадисуваат јајцата во црвено, обичај длабоко вкоренет во раната христијанска ера. Тоа го симболизира повторното раѓање на животот и природата и крвта на Христос. Интересен факт што треба да се спомене овде е дека и покрај вообичаените разлики во датумите помеѓу православниот и католичкиот Великден, Католичката црква учествува на црковната литургија во католичката катедрала „Дуомо“.

## ДОБАР ПЕТОК

Рано на овој ден, младите девојки ќе почнат да го украсуваат епитафот со цвеќиња. Ова е втор најважен ден на грчкиот православен Великден. Литургијата е истакната со изнесувањето на епитафот од црквата, придружен со хор и со филхармонија.

## ВЕЛИКДЕНСКА САБОТА НА КРФ

Настаните и обичаите се она што навистина го прави Великден на Крф уникатно искуство. Денот започнува рано околу шест часот. Кога е објавено првото Воскресение околу 11 часот, луѓето држат големи, црвени глинени садови полни со вода, обично на своите балкони и тераси, по што почнуваат да ги фрлаат надолу на празните улици. Во тоа време, луѓето си велат „Христос анести“, (Христос воскресна), на што одговараат: „Алитос“, (тој навистина воскресна).

Ноќта не завршува тука. По полноќната миса, семејствата се собираат околу своите маси на голема гозба со одлична храна за да се задоволи сечиј вкус. Тоа е секако толку уникатно искуство што ќе остане со вас до крајот на животот.





**Фрлање глинени садови на улица, традиција за Великден на Крф.**
*Извор: niavillas.gr*

## ПРОСЛАВУВАЊЕ НА ВЕЛИКДЕН ВО ТОРОНТО

Великден во Торонто е време на прослава. Од лов на јајца и културни свечености, до семејни активности и собири во заедницата, градот нуди многу бесплатни настани за да уживаат жителите и посетителите. Без разлика дали барате традиционални великденски искуства или истражувате нови културни традиции, има за секого по нешто во овој посебен период од годината.

## ВЕЛИКДЕНСКИ ЛОВ НА ЈАЈЦА

Ловот на Великденски јајца е безвременска традиција што ја негуваат луѓето од сите возрасти. За среќа, Торонто е домаќин на неколку ловови на јајца, кои ветуваат забавни авантури за семејствата и за поединците. Еден значаен настан е великденскиот лов на јајца кај катедралната црква „Свети Џејмс“. Децата можат да истражуваат додека ловат шарени јајца.

## КУЛТУРНИ ПРОСЛАВИ

Еден од белезите е и „Поворката на Велики петок“ во Мала Италија. Организирана од локални цркви, оваа свечена, но визуелно неверојатна поворка ги реконструира станиците на Крстот привлекувајќи голем број учесници и гледачи. Додека се движи поворката низ улиците, гледачите можат да бидат сведоци на драматични изведби што прикажуваат сцени од страдањата Христови, обезбедувајќи трогателен потсетник за вистинското значење на Великден.




**Великден во Торонто, парада.**
*Извор: curiocity.com*



**Великденски пазар во Виена.**
*Извор: travelpotpourri.net*

## ВЕЛИКДЕН ВО ВИЕНА

Великден во Виена и во цела Австрија се празнува и во недела и во понеделник. Многу од помалите продавници и повеќето канцеларии се затвораат попладне на Велики петок и не се отвораат повторно до следниот вторник.

Храната игра значајна улога на секој празник. Освен месо, се подготвува великденски леб со суво грозје. На многу великденски трпези ќе најдете корпа со бојадисани јајца. Великденската вечера, како и другите оброци во Виена, е време за забавување и за уживање со семејството и со пријателите, па немојте да се изненадите ако сѐ уште седите на масата и неколку часа подоцна.

## ВЕЛИКДЕНСКИ ОГНОВИ

Во алпските провинции во Австрија, великденските пожари горат на планинските врвови по зајдисонце на Велика сабота, а бендови музичари одат низ градовите свирејќи свети химни. Огновите на Великден се традиција од пред христијанството и првично биле наменети да го прослават доаѓањето на пролетта.

## ВИЕНСКИ ФЕСТИВАЛ ОСТЕРКЛАНГ

Фестивалот Остеркланг е серијал великденски концерти во Виена, кој ги слави некои од најголемите имиња на класичната музика на различни места низ градот. Обично настапува Виенската филхармонија, а концертите имаат тенденција да ја одразуваат приказната за страдањата Христови.

## ВЕЛИКДЕНСКИ ПАЗАРИ

Околу црквата Калвариенберг во 17. Округ, постои великденски пазар веќе 350 години. Помеѓу многуте понуди, типична играчка што се наоѓа на овој пазар е качувачот на дрво, кукла што може да се направи да се качува нагоре и надолу по стап. Се претпоставува дека е реплика на библискиот Закхеј, кој се качил на дрво во Ерихон за да го види подобро Исус.




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC